СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 12 март 1998 година

Скопје, март 1998 година

**ОСУМДЕСЕТ И ШЕСТА (86) СЕДНИЦА, I ПРОДОЛЖЕНИЕ,**
**ОДРЖАНА НА 12 МАРТ 1998 ГОДИНА**

**Т**.4(заштита при раб.)-стр.2; Т.2(измена на УСТАВОТ)стр.14;
Т.2(нацрт на амандман III од Уставот)-стр.16;
Т.41-стр.26 Т.49(директор на МТВ)-стр.27;
Т.52(зам.дир. на МТВ)-стр.27; Т.5(измена на земјод.)стр.28:
Т.6(изм. и доп. За надв.трг. раб.)-стр.67;
Т.7(дам. На произв. и усл.)-стр.80;
Т.8(пр. за изм. и доп. На ТУТУН)-стр.84 продолжува

1. АРСОВСКИ БРАНКО 52
2. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 21
3. ГОШЕВ ТУШЕ 17, 19
4. ЃОРЃИЕВ ДРАГАН 75
5. ДОКУЗОВСКИ КИРО (МИН. за земј., шум. и вод) 58, 61, 85, 102, 104
6. МИНОВ ПАНЧО 10, 45, 68
7. НАУМОВСКИ ВАНЕ 4, 76
8. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 37
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
10. ПАВЛОВ БОРИС 77, 79
11. РИКАЛОВСКИ БОРИС (мин. за стопанство) 72, 74, 75, 79
12. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 2
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 48, 52
14. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА (зам. Мин. за финансии) 83
15. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 92, 98, 109
16. ТУДА РАМИ 15
17. ТАНТАРОВ ВЕЉО 28, 35, 64, 66, 99
18. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР 57, 86
19. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 2
20. ШАЌИРИ ХИСНИ 44, 62, 106
21. ШАПУРИЌ ЗОРАН 71, 80

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собрание на Република Македонија, одржано на 12 март 1998 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, пратениците да си седнат на своите места.

Во салата имаме 76 пратеници, имаме кворум за работа, но не можеме по првата точка.

Продолжуваме со работа по 86-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димче Настоски, Иван Бојков, Владе Давитковски Марјан Начевски, Амди Бајрам, Митко Ристовски, Љупчо Мешков, Симон Наумовски, Зоран Крстевски, Наум Симјановски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Дозволете ми во ваше и мое име да му го честитам роденденот на нашиот колега Слободан Даневски и да му посакам добро здравје и многу успех во работата.

Бидејќи не можеме да гласаме за првата точка за Предлог-одлуката за пристапување за измена на Уставот, продолжуваме по 4-тата точка од дневниот ред дури да се создадат услови да гласаме.

Има збор г-динот Џафероски, деловничка интервенција.

I/2 сп/вц

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници сакам да ве замолам за нешто со оглед на изминувањето на роковите околу изборот на органите на Јавното претпријатие МРТ точките именување на генерален директор на МРТВ и замени генерален директор предлагам да се гледаат сега, да се поместат, заради тоа што има можност оваа седница малку да се поодолжи, а тие се некаде н^ крајот и ве молам ова да го прифатите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас сакам да предложам еден малку модифициран предлог од овој што го даде г-динот Џафероски, бидејќи министерот и потпретседател на Владата г-динот Насер Зибери, министер за труд и социјална политика треба да замине на пат, а четвртата точка е Предлог на закон за заштита при работа, па предлагам по завршувањето по оваа точка да го усвои предлогот на г-динот Џафероски.

Дали се согласувате? (во ред)

Минуваме на 4-тата точка од дневниот ред - Предлог на закон за заштита при работа.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно пооделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани пратеници. Јас излегов само кратко во мое име да му се заблагодарам на Министерството за труд и социјална политика кој дефинитивно пред нас достави многу квалитетен предлог на закон за заштита при работа. Ова мое убедување дека се работи за извонредно

квалитетен закон го засновам врз основа на моето поранешно искуство како инспектор по заштита при работа. Ќе морам да кажам дека овде навистина е направен извонреден спој помеѓу тоа што е уставно право на секој вработен да биде заштитен при работа, можноста тоа уставно право го реализира односно работодавецот кој е обврзан да обезбеди нормални услови за работа, како и органите на инспекција надлежни за спроведување и стручно согледување на условите за работа. Порано имавме едно многу лошо искуство имавме еден закон кој при спроведу-вањето наидувавме на многу проблеми, затоа што многу работи беа недоизречени така што овој закон почнувајќи од 1 и 2 член каде многу детално и многу прецизно се набројани сите надлежности до каде се простира заштитата на работникот дефинитивно тие пропусти кои ни се рефлектираат на разни начини, а еден од таквите начини е тоа што денеска имаме огромен број на инвалидизирани работници за кои многу пратеници овде искажаа нивна заинтересираност како да се реши статусот на тие вработени, со овој закон спојувајќи ги сите оние три елементи можноста работникот најдиректно сам да се погрижи за неговата безбедност со тоа што ќе избира од своите редови претстав-ници да можат да се грижат за нивната безбедност до можноста тие претставници на вработените на работодавачот му укажат на време за мерките кои треба да ги преземе до правото на вработените ако се воочи таква опасност да можат да ја прекинат работата односно да прогласат одреден погон, одредено работно место како работно место каде не може и не смее да се работи. Мислам, во овој член каде се уредува ова останува само еден мал недостаток каде треба да се допрецизира со тоа што таа можност да дојде до прекин односно да не се работи да можат да го известат работодавачот писмено, јас тоа во соработка со моите колеги инспектори сум го поднел како амандман веројатно би требало министерот и вие пратеници да го гласат тој амандман со тоа што тоа битно квалитетот ќе се измени можноста да навистина во иднина имаме

квалитетна работа и да ги елиминираме сите можности односно реалноста која денеска реално ја имаме огромен број на луѓе денеска се иднвалидизирани по разни основи и со кои и ден денеска не знаеме како да се справиме.

Само кратко, во знак на поддршка и благодарност на Министерството, кој подготви извонредно добар закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги. Неколку мои гледања во врска со овој законски проект, пред се дека сеуште работиме со стар закон од поранешната СФРЈ и во оваа област со промена на титуларот на сопствената држава ми се чини дека прилично заостануваме. Добро е што овој законски проект доаѓа поготово за оние инвестициони објекти или објекти кои во иднина поготово оние кои ќе бидат изградувани во нашата држава, а ќе треба да бидат или подлежат под обврските што ги нуди овој закон.

Сум за тоа да не се претера во однос на нормативот или висината на заштитата што ќе се бара за новите инвестициони објекти од причина што сме држава во транзиција и ако на тоа поле поставиме високи норми на заштита, ми се чини дека транзициониот процес би го стопирале. Тоа е едната заложба.

I/5

Втората работа што ќе ја поздравам тоа е во делот на работниците да бидат претставувани по теркот на синдикатот овој пат од работник кој ќе води грижа за заштитата на вработените.

Во законот е дадена една алтернатива тој да биде вработен или можност претставникот на синдикатот. По мене, ми се чини, најдоброто решение и најсоодветно претставникот од синдикатот или овде во случајов на 10 работници еден да ги претставува е добро решение да ги штити вработените.

Карактеристичен е членот 9. Членот 9 ми се чини дава можност, рамка која во рок од 3 години каде се пропишани посебните и општите услови за заштита при работа, сметам дека е подобро или посоодветно во таа рамка во членот 9 поодделно по гранки или ако сакате по министерства, ми се чини по гранки на дејности во држава сите да пропишат свои минимални услови за заштита при работа така би било најсеопфатно и најкомпетентни се ониe министерства на пример тоа може да биде градежништвото како гранка, здравството како гранка кој ќе ги пропише минималните услови за заштита во сопствената сред Такво нешто во членот 9 не сретнав бидејќи овој закон го дава општиот проблем за заштита при работа или рамката во која би се движеле.

Законот заслужува поддршка и сметам дека треба овие мои сугестии да ги прифатиме ако сакаме во иднина да постигнеме повисок ниво на заштита на вработените.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандмани на член 9 став 3 и на член 23 став 3, по кои Владата не се произнела

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 23 за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандмани на член 26 за додавање нов став 3 по став 2 и за менување на член 27, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандмани на член 27 член 29 став 1, член 31, член 34 став 3, член 44 став 2 и на член 56 став 1 точка 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 2 3 став 3 член 24 став 1 точка 6 и 7 и на член 32 за додавање нов став 4 по став 3 по кои Владата не се произнела.

Ве молам да знаете за кои амандмани се работи. Ве молам за малку внимание.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 3 поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 23 став 3, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 3, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1, точка 6 и 7, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Бранирод Михајлов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот бара допрецизирање и тој е вграден во следните амандмани кои се предложени од пратеникот Сулејмани, така што овој амандман и следните не се прифаќаат, а всушност суштината е вградена во следните амандмани кои ќе бидат прифатени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Михајловски дали го прифаќате образложението.

Го повлекувате амандманот или да гласаме? (пратеникот го повлекува амандманот).

Отворам претрес по амандманот за менување на член 27 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Истото важи и за овој амандман, се надевам дека пратеник< ќе го прифати образложението. И овој амандман не се прифаќа, всушност важи истото што го изнесов за претходниот амандман и се надевам дека пратеникот ќе го повлече.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 31, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас нели не се викам Ризван Сулејмани, Панчо Минов се викам и целта на овој амандман како и на претходните два е да се разграничи квалификацијата на институтот стручен работник, тоа се дипломирани инженери по заштита при работа од одговорен работник или претставник на работниците. Самиот предлагач во неколку члена ОЈ законот ја прифаќа терминологијата одговорен работник за заштита при работа во одредени членови прифаќа терминологија стручен работник по заштита при работа, но не дефинира дека се работи за тие стручни работници при заштита при работа фактички за инженерите по заштита и работа. Не знам зошто и од која причина на исто се мисли со различна терминологија формулација на одредби не се прифаќа конкретизирање што би значело оваа заштита при работа која е многу битна за секој производен процес во кој со овој квалитетен законски пропис што се предлага во многу ќе се придонесе за афирмација на таа функција да не се афирмира и сите стручни кадри односно инженерите за заштита при работа.

Мојот трет амандман е во таа функција покрај заштита за прегледи и испитувања што им се дозволува на правни лица да вршат такви согласно членовите 17, 29 и 30 самите тие стручни лица на работодавците кои се одговорни за соодветните правни лица за вршење на заштита при работа за нивна стручна консултација за нивни услуги инженерите за заштита при работа да можат да отвораат канцеларии во што ќе им даваат услуги од аспект на стручна помош на работодавците

кои се одговорни по законот за функционирање на заштита при работа со овој закон на некој начин преку овозможувањето само на правни лица со услови кои се набројани во законот да има соодветна опрема за испитување, да има соодветни простории и вработување најмалку два високо образовани кадри, да не се монополизираат одредени правни лица кои сега функционираат во областа на заштита при работа туку секој дипломиран инженер по заштита при работа може да врши стручни слуги од заштита при работа на работодавците што е нивна одговорност по законот.

Во таа насока и со ова образложение што би значело на некој начин анулирање на монополската положба на одредени правни лица кои и сега ја вршат таа заштита при работа за работодавците кое би значело од друга страна покрај тоа анулирање на монополска положба афирмација на рамноправната положба на дипломираните инженер! по заштита при работа предлагам овој амандман кој регулира фактички со закон овозможување тие инженери по заштита при работа да отворат канцеларија за давање на услуги од заштита при работа на работодавците.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

За да им биде појасно на пратениците за што се работи, на што се однесува амандманот на пратеникот Панчо Минов, само да го изнесам следното.

Во членот 32 се пропишани условите што треба да ги исполнува лице односно организација што ќе биде овластена да ги испитува заштитните аспекти за условите за работа, орудијата за работа, амбиентот и другите прашања пропишани со закон.

Во членот 32 е пропишано, значи, кои се тие услови, а меѓу другото вели: да има во работен однос најмалку 2 стручни лица, да има соодветна техничка опрема, да има соодветна методологии за извршување на прегледите и испитувањата итн.

Амандманот што бара? Бара кога е во прашање лице дипломиран инженер за заштита при работа, да биде прифатен, односно овластен за испитување на овие прашања, без да ги исполнува условите утврдени во членот 32 што ги спомнав.

Владата смета дека тоа не може да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 3, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 2 поднесен до пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 1 точка 3 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

II/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (79 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за заштита при работа.

Ако може да создадеме услови за гласање по првата точка.

Бидејќи го имаме потребното мнозинство за гласање, се враќаме на точката 1, предлог за пристапување на измена на Уставот на РМ.

Претресот по предлогот за пристапување кон измена на Уставот на РМ го заклучив.

Во согласност со член 131 став 1 од Уставот на РМ предлага Собранието на РМ да ја донесе следната Одлука за пристапување кон измена на Уставот на РМ.

1. Се пристапува кон измена на Уставот на РМ.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во Службен весник на РМ.

Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на РМ се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Деловничка интервенција бара г-динот Туда.

II/4

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Во името на пратеничката група на ДПА сакам да го изразам нашиот став како деловничко право за тоа како ќе се произнесе и гласаме во врска со Предлогот за пристапување кон изменување на Уставот на РМ

Нашата пратеничката група ќе гласа против предлогот, а зошто ќе гласа против, ќе изнесам неколку причини.

Како прва причина, се работи само за измена на членот 12 ставот 5 од Уставот. Општиот интерес на Албанците е да изменат и многу други членови на истиот Устав, како што се членовите 7, 48, преамбулата и други.

Како втора причина, пратеничката група на ПДП во 1991 година кога се донесе овој Устав гласаше против. Поради тоа, наша морална обврска е да не прифатиме една ваква измена.

Како трета причина, повикувајќи се на сегашните уставни одредби, власта на РМ нас Албанците не става во нерамноправна положба и не третира како граѓани од втор ред со самиот факт што се негира нашиот јазик, култура, историја, универзитетското образование и многу други права што не одат во прилог на развојот на демократските процеси во земјата.

Како четврта причина, ние сметаме дека како главен генератор за дискриминаторскиот статус на Албанците е токму овој Устав.

II/5

Од горе наведените причини, ние како пратеничка група на ДПА ќе гласаме против, една ваква делумна измена и апелираме до сите пратеници Албанци во Парламентот во РМ да не гласаат за оваа измена.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој е за предлогот на Одлуката да крене рака.

87 пратеници.

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

За Предлогот на одлуката гласаа 87 пратеници, против гласаа 4 пратеници, а од гласањето се воздржаа 2 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на РМ.

Минуваме на точката 2 - Утврдување на нацртот на амандманот 3, на Уставот на РМ.

Текстот на нацртот на амандманот ви е доставен.

Мислењето на Владата на РМ и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Нацртот за измената на Уставот го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавната дискусија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот 3 на Уставот на РМ.

Пратеникот Туше Гошев предложи изменување на текстот на Амандманот III на Уставот на РМ, што ви е поделен.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Се работи за предлогот на г-динот Туше Гошев.

Молам, кој е за? (1 пратеник) Кој е против? (47 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (10 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Г-динот Туше Гошев е потписник на предлогот.

(Пратеникот Туше Гошев бара збор)

Ќе ви дадам збор, кога треба ќе ви дадам.

Продолжуваме со претрес по текстот на нацртот на Амандманот III на Уставот на РМ.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динто Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Поаѓајќи од фактот дека Уставот на РМ е највисок правен политички акт во земјата и кога станува збор за слободите и правата на граѓаните утврдени со Уставот на РМ, секогаш има по нешто да се каже.

Интересна беше постапката во врска со гласањето по мојот амандман, но бидејќи е прв пат Собранието да има и таква постапка, мислам дека до крај не ја уредивме работата, но не одмина прашањето на поднесениот амандман во јавната расправа и тие прашања да се расправаат. Се надевам дека до крај ќе донесеме еден вистински амандман со кој навистина ќе ја уредиме работата.

Поаѓајќи од методолошкиот пристап за изработка на Уставот на РМ се поаѓа секогаш Уставот да биде јасен, нормативно прецизен, неидеолошки текст кој недвосмислено ќе ги апостулира институциите и односите на општествено и државно - правниот поредок на РМ што

оптимално би се спречило различно толкуваше на одредбите на Уставот на РМ. Но, таквиот пристап никогаш не треба да биде пречка за да се оди на штета на флексибилноста на решенијата што се утврдени во Уставот и сеопфатноста на регулативниот капацитет на Уставот на РМ, со кој, во суштина може да попречи на стабилноста на уставно-правниот поредок на земјата.

Настојувајќи да се смали таа потреба од постојани амандмански промени на Уставот и неговата почеста потреба поради тековните и политички ситуации и животни потреби што се случуваат во земјата.

Од тие причини ние имавме можност, применувајќи го Уставот, согласно членот 12 став 5 да имаме таква ситуација таква како што ни случи во вршењето на судската функција и остварувањето во заштита на водењето постапките за слободите и правата на граѓаните пред судовите.

Генерално да кажам за амандманот, дека треба уставниот текст да остане на амандманот, на уставно ниво. Притворот, во тие рамки да го уреди согласност Законот за кривична постапка, поконкретно да ги определи условите, времетраењето, со оглед на пропишаната казна за конкретното кривично дело и другите релевантни околности што се битни во врска со определувањето на притворот.

Сега сакам конкретно да кажам забелешки на поднесениот нацрт на закон на амандманот III на Уставот на РМ, утврден од Уставната комисија.

III /1 . - ПЈ/MJT

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Амандманот I "притворот до поднесуваше на обвинение по одлука на суд, може да трае најдолго шест месеци". Притворот не може да се определува на месеци, затоа што сите месеци во Република Македонија немаат ист број на денови. Ние имаме февруари 28 дена, имаме месеци од 30 дена, а имаме месеци и со 31 ден, а Уставот не може да не трпи прецизност во врска со еднаквоста на граѓаните во остварувањето на правата не само во изрекувањето на издржувањето на казната или определување на притворот, туку и за процесно-правните дејствија со поднесувањето на жалбите и остварувањето на правата во жалбената постапка да дојде до заблуда. Затоа, сметам дека определувањето на притворот во месеци е непрецизен и неточен. По поднесувањето на обвинението по одлука на Врховен суд на Република Македонија, притворот за кривични дела за кои е пропишана казна над пет го- дини затвор може да биде продолжен уште шест месеци, а за кривични дела за кои е пропишана казна доживотен затвор до правосилна стана одлуката на судот. Мора да се консултираат решенијата на истите устави на светот кои ги има и да ви кажам дека притворот по поднесувањето на обвинението скоро никаде во ниедна земја не е ограничен и дека само Република Словенија направи ограничување во кривичните закони и кривичната постапка определени на две години, но и таа го напушти тоа решание. Тоа решение, отворањето на притворот по покренувањето на обвинението не смее да се ограничува, зашто тука има друга постапка. А, ако се плашиме од вршењето на судската функција тогаш има други институции во системот, заради правилно извршување на судската функција и обезбедувањето на системот чек-баланс.

Сакам и тоа да нагласам дека овој уставен амандман не го следи нивото на уставниот текст кој го имаме во Уставот и да каже дека во Република Македонија со Кривичниот закон имаме доживотна казна доживотна робија, доживотен затвор и дека согласно на членот 10 каде

што Уставот на Република Македонија во суштина ја укинува смртната казна, а бидејќи во правната теорија, правната наука казната доживотен затвор е потешка казна од смртната казна кога се изрекува, мислам дека до крај, дефакто, тој уставен амандман не го следи нивото на уставниот текст во Република Македонија и непотребно се впушта да реши прашања кои треба да бидат решени со закон, со Кривичниот закон и Законот за кривична постапка.

Вториот амандман "Притворот може да се определи само со одлука на суд под услови, начини и времетраење утврдени со закон е амандман кој не е сеопфатен, непрецизен и до крај не ги уредил прашањата кои што Уставот да ги определи.

Третиот амандман "Притворот во истрагата по одлука на суд може да трае најдолго уште шест месеци за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над пет години со одлука на Врховниот суд. Притворот може да биде продолжен за уште шест месеци ако во тој рок не се подигне обвинение, се пушта обвинетиот на слобода". Мислам дека преширок ќе биде една година да се води истрага, а да не се покрене обвинение од една страна, а од друга страна непрецизен е амандманот, затоа што само висината на казната на стореното кривично дело, не е основ за отворање на притвор, туку и другите релевантни околности кои се утврдени во Законот за кривична постапка. Мислам дека таквиот текст дефакто не го следи нивото на Уставот на Република Македонија, туку се впушта да реши прашања, кои прашања се решаваат со Законот за кривична постапка. Од тие причини, гледајќи ги амандманите, јас се определив да предложам еден амандман, кој вие не го прифативте, но се надевам дека ќе побуди расправа и во расправата ќе даде голем придонес за прифаќање на тој текст и сметаме дека според мене најприродно е да го следи уставното ниво на Уставот на Република Македонија и предлагам еден текст кој гласи: "Притворот треба да трае што пократко и колку што е неопходно за успешно водење на кривична

постапка. Притворот може да се определи само со одлука на суд со кумулативно постоење на причини определени со закон". Тоа значи дека судот не може да отвори притвор, доколку не е за конкретно дело и конкретни услови утврдени со Законот за кривична постапка да го отвори притворот, туку да не биде тоа по слободно судиско убедување, а на крај да се нарушува законитоста и уставноста во примената на правото.

Трето, "Притворот може да трае 90 дена, а со одлука на Врховен суд да се продолжи за уште 90 дена. Во тој рок се подигнува обвинение или обвинетиот се пушта на слобода". Тоа значи од една страна го уредуваме прашањето на притворот во истрагата, а по покренувањето на обвинението оставаме согласно на процесните правни дејствија и процесните лекови кои ги има до крај, да не дојдеме на истото како што бевме со ограничување на притворот на 90 дена, туку судовите успешно до крај да ги завршат постапките и да ги донесат своите правни инструменти за утврдувањето на материјалната вистина и примена на правото.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, се работи за мошне важна материја, а според мене важна е од следниве причини.

Прво, се демистифицира метафизичкиот став дека Уставот е создаден еднаш за секогаш. Значи, мораме да се прилагодиме кон мислењето дека, сепак, и оваа материја е променлива материја и оваа материја треба и мора да се адаптира кон условите и состојбите, односно да се прилагоди кон севкупните односи во општеството, односно државата. Значи, фактички престануваме да ја идеализираме оваа

материја и да сфатиме дека и Уставот како секој правен акт е правен акт донесен од оваа институција и дека е само еден повисок закон, кој ги уредува воопшто односите и што претпоставува дека сите други закони и подзаконски акти мора да бидат во согласност со овој највисок акт. Значи, се изградува една демистифицирана свест дека Уставот, сепак, е пластична материја и треба и мора да се менува.

Второ, што е важно и кај граѓаните и кај политичките структури созрева убедувањето дека тие односи, тие состојби кои не можат да се потврдат во практиката, треба да се изменат.Тоа е многу важно за една развиена политичка свест и култура. Така, во иднина, веројатно и за другите односи, состојби на кои ќе констатираме дека практиката не може да ги потврди, односно бара поинакво решение и пак можеме да пристапиме кон измена на одделни членови на постојниот Устав. На пример, еве отсега може да се разговара во однос на прашањето на работата на Собранието, кворумот за работата на Собранието, кои и другите држави со парламентарна демократија го имаат уредено поинаку од тоа да се допрецизира до крај граѓанскиот концепт на државата, корпусот на правата на човекот и индивидуалните колективи итн.

Во однос на текстот лично и како предлагач очекувам едно исправување на кривичната постапка од причина што судовите ќе имаат односно судиите ќе имаат повеќе време за да ги преземаат сите кривично-процесно правни дејствија и тоа претпоставува еден по-нормален исход на постапката, односно пообјективен исход на постап-ката. Меѓутоа, сите мора да бидеме свесни дека, сепак, се работи за една мошне чувствителна материја од причина што прашањето на притворот директно задира врз основното право и слобода на човекот односно го негира тоа право. Тоа е прво.

Второ, обвинетиот се смета дека не е виновен до моментот на правосилноста на пресудата што претпоставува дека до тој момент и

потипично се држи на притвор на човек кој може да биде и невин. Односно да не е виновен. Јас се плашам дека можеме многу лесно да одиме од една крајност до друга крајност, односно алтернативата II од амандманот III ако се чита, односно прочита внимателно од прилика стои вака дека притворот според законот може да трае најмногу шест месеци. Потоа, за одделни кривични дела односно за кривичните дела за кои е предвидена казна повеќе од пет години со одлука на Врховниот суд може да се продолжи уште за шест месеци и потоа се додава, ако во тој рок не се подигне обвинение, обвинетиот се пушта на слобода. Значи, во однос на последната реченица, ако во тој рок не се подигне обвинение, обвинетиот се пушта на слобода. А што ако во тој рок се подигне обвинение? Дали тоа значи дека притворот неограничено ќе потрае, односно ќе трае една година, две, три итн.

Сметам дека ова треба до крај да се допрецизира, бидејќи може да доведе до опасни состојби за основните права и слободи на човекот.

Исто така, за мене е многу важно едно суштинско, според мене прашање, а тоа прашање е кое време ќе се земе како меродавно за времетраење на притворот. Дали тоа време ќе биде времето на подигањето на обвинението или тоа време ќе биде времето на правосилноста на пресудата. Јас стојам на предлогот, дека сепак меродавно време, односно времето меродавно за времетраење на притворот не би требало да биде времето на подигањето на обвинението, туку времето на правосилноста на пресудата. Поинаку ова време е прифатено кај повеќе држави, кои инаку јас стојам на предлогот дека пооптимално

решение ќе беше притворот да трае четири месеци плус четири по одлука на Врховниот суд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија.

По повод Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија, предлагам Собранието да го донесе следниот Заклучок:

1. Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија. Јавната дискусија трае до 12 април 1998 година.

2. Нацртот на амандманот III на Уставот на Република Македонија ќе се објави во "Нова Македонија", "Флака е влазеримит" и "Бирлик".

3. Граѓаните, политичките партии, здруженијата на граѓаните, органите и организациите, како и другите учесници во јавната дискусија, своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманот III да ги

III/7 . -

упатуваат непосредно до Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија.

4. Се задолжува Комисијата за уставни прашања да ја организира, следи и сумира јавната дискусија и најдоцна до 22 април 1998 година да подготви Извештај за резултатите од јавната дискусија и Текстот на Предлогот на амандманот III на Уставот на Република Македонија.

5. Овој заклучок ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

82 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (3 пратеника).

Дали има некој воздржан? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе предложениот заклучок.

Според договорот ќе одиме на точките 41 и 42. Минуваме на точка 41 - Предлог на одлука за избори и именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Маќедонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

III/8 . -

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избори и именуваше на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Маќедонска радио телевизија.

Минуваме на точка 42 - Предлог на одлука за именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Маќедонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(никој)

Очигледно дека некој не гласал .

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на точката 49 - Предлог на одлука за именување на генерален директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржани? (нема)

Констатирам дека Слободан Трајковски е именуван за генерален директор на Македонската радио телевизија.

Во ваше и мое име му честитам и му посакувам успешно извршување на обврската, функцијата.

Минуваме на точката 52 - Предлог на одлука за именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МРТ.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Нијази Мухамети е именуван за заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МТВ.

Му честитам на изборот и му посакувам успешно и одговорно вршење на задачата.

Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Предлогот на законот, мислењето на Владата, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на РМ , почитувани пратеници и министри,

Собранието на РМ на 80-та седница што се одржа на 2 6 ноември 1997 година, го разгледа предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството и врз основа на расправата во која што учествуваа десетина пратеници заклучи Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството и на предлагачот на овој закон, т.е. на мене ме обврза да изготвам предлог на закон, да го доставам овој закон до Собранието и Собранието да се произнесе по него.

Досега двете комисии, матичната Комисија за земјоделство шумарство и водостопанство му даде едногласна поддршка, а го поддржа и ЗПК. Се надевам дека ќе добие поддршка денес и од вас господа пратеници. Почитувани пратеници, во годината која штотуку почна Собранието на РМ донесе три значајни закони за работа на

нашиот аграр. Станува збор за Законот за води, Законот за пасишта и Законот за формирање на агенција за развој на приватното земјоделство. Оваа Агенција како што е познато треба да дава научни и практични насоки за идниот развој на приватното земјоделство во нашава држава односно во нејзините 1700 села и кај 180 илјади земјоделски домаќинства. Таа Агенција треба да биде лоцирана во Битола, така е речено со Законот за формирање на оваа Агенција, односно треба да биде лоцирана во средината каде што се произведува близу една половина од стратешките земјоделски производи за нашава држава. Станува збор за пченицата, сончогледот, шеќерната репка, маслената репа и млекото. Со закон е договорено така, меѓутоа агенцијата сеуште не е формирана.

Во времето на развојот на новите производни односи во нашиов аграр , селото бара Агенцијата што ќе ја креира таквата политика по-брзо да отпочне со работа и тоа таму каде што е одредено нејзиното седиште во Битола, односно во средината каде што се произведуваат овие витални производи.

Почитувани пратеници, за развојот на аграрот и денеска ќе расправаме. Овој пат ќе расправаме за изменување и дополнување на Законот за тутун и Законот за поттикнување на развојот на земјоделското производство. Предлогот за изменување и дополнување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделското производство што јас како пратеник од селото и аграрот го поднесов во името на измачените напатени и онеправдани селани, го поднесов со една цел. Во отсуство на парламентарна расправа за тешките проблеми што го мачат аграрот и изнаоѓање на соодветни решенија од неговата перспективност да го пренесам гласот на селаните во овој законодавен дом за состојбите што настанаа во редовите на нивното производство на стратешки култури по напуштањето на државната поддршка за овие култури од страна на државата. Станува збор за изгубената државна поддршка за пченицата, сончогледот, шеќерната репа, маслодајната репка и млекото, односно за укинува&ето на премиите што до 1997 година државата ги издвојуваше

од Буџетот за овие витални производи. За овие витални земјоделски производи до пред три години, како што е познато, имаше солидна поддршка од државата и нејзиниот Буџет, борбата за повеќе храна од домашните ораници државата ја помагаше со селективни кредити од примарната емисија на пари, со регреси за семенска стока, гориво за механизацијата, минерални ѓубрива, и хемиски препарати што се потребни за организирање на земјоделското производство. Понатаму, со извозни стимулации со заштитни цени и се разбира, со премии за споменатите витални производи . Меѓутоа, во 1995 година овие мерки за повеќе храна по барање на светската банка и ММФ се укинати. Државата престана со буџетски средства да го помага производството на пченицата, сончогледот, шеќерната репка и културите за кои веќе стана збор. Не само тоа, туку се откажа и од обврската да пропишува заштитни цени за овие производи. Не сака да гарантира ни откуп ни исплата на нивното производство. Денес освен за пченицата за другите витални производи нема заштитни цени. Државата не покажува интерес за тоа што станува со производството за млеко, сончоглед, шеќерна репа, маслодајна репа. Не ја интересира што станува со нивното производство. Како се откупува, кога се исплаќа, колку се исплаќа и дури како се произведува. Бегањето на државата од својата буџетска поддршка за овие култури низ премии, регреси, извозни стимулации и селективни кредити негативно се одразува на нивното производство. Овие производи по кои се препознава, мора слободно да кажеме и домаќинлукот на секоја држава, од година во година се помалку ги има низ нашиве полиња. Во последно време ораниците што со закон се прогласени како општо добро за државата се напуштаат. Стануваат необработени и напуштени површини. Некогаш пред промените на системот имавме регистрирано 150 илјади хектари напуштени земјоделски површини. Денес оваа срамна бројка, за нашава мала држава и нејзиното сиромашно производство на храна, знатно е поголема. Денеска се

напуштаат и ораниците во полето. Прилепска пелагонија со години лежи ни орана, ни сеана. Во битолскиот дел на Пелагонија во 1997 година 2000 хектари се напуштени ораници во реонот на системот Стрежево што се покриени со водата за наводнување на овие површини.

Господа каде одиме со напушташе на ораниците токму во овие системи. До кога земјата ќе биде добро од општ интерес на државата, а затоа што се добива од земјата , државата не сака да води никаква грижа. Нели е тоа апсурд во ова време?

Почитувани пратеници, селско стопанското производство е тешко макотрпно и ризично производство. Да се произведува пченица, шеќерна репка, маслодајна репка, млеко, не е доволно да се вложи само труд, пот, заштеди или позајмени денари и знаеше за поголемо и поквалитетно производство на овие култури. Успехот на селската мака зависи и од два други фактори: родот што се чека цела година зависи од временските прилики , од неговата цена на пазарот или откупот, од организираниот откуп, и на крајот и од државната политика кон самиот аграр. Старите селани кои во оваа деценија градеа два система, порани во социјализмот а денеска капитализмот, велат дека државната политика, како аграрот, мораше на селаните да им помогне, со острвувањето на нивните желби, со сопствена работа да обезбедат подобра иднина за нив и нивните деца, или да ги уништи и од земјоделската дејност да бегаат како ѓаволот од крстот, никогаш да не се вратат на ова тешко занимање.

Господа, оваа стара вистина по укинувањето на државните интервенции во производството на виталните производи виси на сите села и во сите задруги и комбинати. Производителите на витални

производи се наоѓаат во голема криза. Нивното производство се тркала низ една голема удолница иако не се реагира брзо за крјно време и низ нашиве полиња ќе растат трње и плевели, како што растат вакви штетници на ораниците на нашите соседи на кои кога имавме пченица им дававме на заем и пченица и брашно. Изгледа мечката што на овој план играше кај нив ќе стигне брзо и кај нас.

Состојбите со производството на пченицата, сончогледот, шеќерната репа, млекото и маслодајната репа , мора да признаеме, тука е и министерот , сигурно подобро знае од тоа што ќе го кажам, не ни чинат. Производството на овие култури наместо да се зголемува и да се ослободуваме од нивниот се поголем увоз, бележи постојано намалување. По укинувањето на регресиите и премиите од една страна, потоа ниските откупни цени што се утврдени пред пет години и високите цени на репроматеријалите кои во овие пет години за пет пати се зголемени и на крајот и со бришењето на овие производи од листата на производи со заштитни цени за кои државата гарантираше цена на откуп и на време на исплата, производството на пченица сончоглед и шеќерна репа, млеко и маслодајна репа стана неприфатливо на селаните. Се помалку ги има на нивните имоти. Никој од нив не сее тоа што муноси зијан и невидена загуба.

Во битолскиот дел на Пелагонија каде овие култури беа водечки во сеидбените планови на селаните и на комбинатот, денес се помалку ги има. Некои и воопшто ги нема. Во редовите на селаните пет години со ред не се сее ни педа земја со маслодајна култура, а цело поле во ова време беше пожолтено од оваа култура.

Во изминатите пет тешки земјоделски години и сончогледот го снајде иста судбина. Од четири до пет илјади тони стандардно производство од селските имоти до постоењето на премиите и другите

поддршки од државата, лани се ожнеаа само 50-60 тони сончоглед . Или народски кажано 100 пати помалку. Ако не се подобрат состојбите со цената и премијата и регресите на репроматеријалите пролет- та ќе го нема ни за лек и сончогледот наместо за производство на масло, ќе се одгледува како украсно растение во дворовите на цветните градини.

Господо, има ли сметка да се произведува сончоглед за 12,5 денари по кгр. За шеќерната репка што да се каже? И таа оди кон ова дереџе. Со откупна цена што е утврдена пред пет години без премија, без заштитна цена, не може да се произведува ни оваа култура По лошата политика што денес ја води фабриката за шеќер во Битола, со исплатата на ланското производство, што сеуште не е завршено и договарање на шеќерна репа по две откупни цени, една повисока цена за државните комбинати која изнесува за 2,36 денари и за при-ватните земјоделци само 2 денари , пролетва прашање е колку оваа култура ќе најде место во пролетната сеидба на селаните. Во Средно Егри лани селаните произведоа над 1000 вагони шеќерна репка. Меѓу- тоа, површините со исплатата и со бербата на оваа култура и различната откупна цена, не се знае дали во текот на оваа година овие намачени земјоделци ќе садат шеќерна репка на своите имоти. Срамота е младите селани од ова село кои на државата и дадоа 1000 вагони шеќерна репка , денес на прагот на новото производство лебот да го земаат на вересија затоа што немаат ни скршен денар во своите џебови. Фабриката за шеќер се оглушува од исплатата и покрај тоа што во пос- ледниве десетина дена Владата на РМ презеде некои мерки за исплата на шеќерната репка.

IV/8

Состојбите со пченицата во битолскиот дел на Пелагонија, исто така не се добри. Битолските селани, по зголемување на цената на пченицата од 6 на 10 денари, што се случи во 1994 година и кога се дадоа уште 2 денари премија, во 1995 година на државата и предадоа пазарен вишок од 93 илјади тони пченица. Оваа бројка може секој од вас пратеници да ја добие и да се увери во дирекцијата на стокови резерви на кому му е предадена оваа пченица. Меѓутоа, кога во 1995 година се укина премијата, откупната цена остана иста, а репроматеријалите рипнаа до небо, во 1996 година битолските селани на Жито - Битола и на стоковите резерви му предадоа само 9200 тони пеница.

V/1.- НН/ОМ

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

Минатата година ова производство е намалено само на 7 илјади тони. Се прашува ли некој каде одиме со домашното производство на леб. Јас мислам дека никаде не одиме. Одиме таму каде што не треба да оди- ме. Потребите за леб да ги задоволуваме со увоз на пченица.

Господо пратеници и министри. Од ланската жетва досега Маќе- донија, ова се податоци од Стопанската комора на Македонија има увезено 160 илјади тони пченица за кои количини се потрошени над 36 мили- они американски долари. Цената на увозната пченица се движи од 13 до 14 денари по килограм, зависи од каде доаѓа, од Аргентина од Маџарска или од Канада. Толку не чини увозната пченица, а само 9 до 10 денари му даваме на нашите производители на пченици. И нешто друго. За увозната пченица даваме долари, а за домашната денари и тоа ги добиваат селаните по три четири и повеќе месеци. Кога се купува домашната пченица мелничарите велат дека е скапа и не можат да ја откупуваат и навреме да ја исплаќаат. Или ја купуваат со одложено плаќање или пак со плаќање во компензација за трици, брашно и за леб, а никако за пари. Се прашувам ако овие мелнички индустрии не можат да ја купат домашната пченица за денари од каде тие доаѓаат за девизи за да купат увозна пченица па дури од далечна Аргентина. Како мелничарите излегуваат на крај со пченицата што ја купуваат по 13 до 14 денари. Нели домашната пченица им носи загуба, ја мелат со големи загуби. Или за- губа мели само евтината пченица. не господо. Селаните мислат дека домашната пченица на мелничарите им носи добра добивка. Мелничарите со домашната пченица на сметка на селаните купуваат друга пченица од увоз. Им ги полнат џебовите на земјоделците од Аргентина, Данска и Маџарска, а за нашите селани нема пари за повисока цена или пак преми за која денеска дискутираме.

V/2.-

Господо времето бара производството од евтината домашна пченица да биде во служба за поголемо производство на пченица на домашните ораници, не увоз. Доста е со купување на леб од туѓина. Нашите селани и комбинати ако им се создадени услови за работа, ако се зголеми откупната цена на пченицата и се врати изгубената премија и домашната пченица се плаќа како што се плаќа увозната пченица може да ги задоволи потребите на нашата држава со домашен леб. Ако можеа тоа да го сторат во 1995 година кога сите амбари се преполнија со пченица зошто тоа да не се стори и денес. Да Ве потсетам. 1995 година Дирекцијата за стокови резерви и мелничарите откупија околу 450 илјади тони домашна пченица. Тоа беше пченица со која Македонија можеше да ги подмири своите потреби за леб за една ипол година . Дури таа година 1995 година жетвата ја почнавме со залихи од 200 илјади тони пченица.

Состојбите со млекото исто така не се добри, затоа бараме и на млекото да се врати премијата, која што му е укината минатата година.

Веднаш да кажам дека додека имаше премија за овој сточарски производ за кратко време овој фонд на крави знатно се зголеми и големиот недостиг од млеко кој се помируваше преку увоз од соседните земји многу е ублажен. Но по укинувањето на премијата за млеко 1997 година во текот на месец април во Пелагонија спласна интересот за отворање на мини краварски фарми. Ниската цена на млекото која денес изнесува килограм млеко пониско од литар кисела вода не дозволува инвестирање во нешто што носи загуби. Укинувањето на премијата која како така одигра значајна улога во покривањето на трошоците во производството на млеко е повод многу крави да одат на Битолската кланица или на сточниот пазар каде за жал заради ваквите состојби денес и нема кој да ги купи.

V/3.-

Заради овие причини господо го поднесов овој закон за враќање на премиите за нашите витални производи и подобрување на лошите состојби во аграрот кој и натаму ќе биде дирек на севкупниот развој во нашава држава.

Се надевам дека пратениците кои што кога се разгледуваше Предлогот аз донесување на овој закон, гласаа околу 50 пратеници ќе дадат поддршка и на овој Предлог закон.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници почитувани министри,

Пред да почнам со дискусија по однос на предложениот закон за изменување на Законот за поттикнување и развој на земјоделството би сакал да напоменам дека како пратеници, можеби има повеќе од годи на дена расправавме по една Информација во врска со откупот на работ-градинарските култури. Тоа беше ми се чини по предлог на г-динот Трајков и пратениците од струмичкиот дел и на предлог на г-динот Ванчо Чифлиганец ова Собрание усвои еден заклучок во кој што децидно стоеше дека Собранието на РМ ја обврзува Владата на Република Македонија во рок од 6 месеци да и изготви информација за развојот I концептот на развојот на земјоделието во Република Македонија. За таа точка Собранието на РМ да расправа. За жал, иако таков заклучок Собранието скоро едногласно го донесе до ден денес ние немаме расправано со што уште еднаш се гледа нашиот авторитет и значењето на овој Парламент.

Што се однесува до денешниот предложен закон од г-динот Тантаров јас сметам дека има уште пошироко значење од она што и са-

миот го предлага по однос на доделување на премиите. Тој во својата дискусија и кажуваше какво е значењето од донесувањето на овој закон. Би сакал да го подржам по однос на тоа прашање и да изнесам уште неколку аргументи кои што одат во прилог на донесувањето на овој закон

Сметам дека предложениот закон би требало да го разгледуваме многу пошироко отколку самото прашање на доделување на премии за одделн земјоделски производи. Тоа пошироко разгледување според мене значи принципиелно да расправаме и спротивставиме одредени гледишта по од- нос на развојот на земјоделието и производството на храна во РМ. Кога ова го велам сметам дека треба да се постави и да се обидеме да најде- ме одговори на прашањата дали РМ има недостаток од одделни земјоделски производи, а кои што поднебјето на РМ дозволува да се произведат и тоа да се произведат во доволни количини од потребите на РМ.

Очигледно е кога ќе го побараме одговорот на тоа прашање дека ќе дојдеме до констатацијата дека РМ има недостаток од одредени земјоделски производи , а за кои што имаме идеални услови за одгледува ње, но за жал во големи количини ги увезуваме во РМ. Г-динот Тантаров изнесе неколку примери. Јас во оваа прилика само ќе го речам следното.

Според проценките од Министерството за земјоделие кои што минатата година кога имавме точка на дневен ред за информацијата за откупот на пченицата , се сметаше дека во РМ ќе се произведат околу 280 илјади тони пченица, тоа е за реколтата 1997 година, и се планираше дека РМ ќе откупи околу 150 илјади тони. Пресметките се дека на РМ за храна потребите од пченица се 280 илјади тони. Се поставува основното прашање зошто РМ не успева да го откупи целокупното произ-

водство на пченица во РМ, а со тоа да ги задоволи сопствените потреби од овој производ и да го елиминира увозот на пченица.

Според информациите што можевме да ги прочитаме во печатен медиуми и да ги слушнеме на електронските медиуми Македонија увезе околу 130 илјади тони пченица. Според тие информации цената на таа пченица изнесува околу 12 денари. Признавам одредени резерви доколку тие информации не се точни, но јас сметам дека тие се точни онака како што се изнесени.

Ако малку проанализираме откупната цена на пченицата во РМ заштитната цена беше одредена на 10 денари, но мора да кажеме дека најголемиот дел од пченицата во РМ беше откупена за 9 денари, а не за 10 затоа што заради неорганизираниот откуп најголемиот број на индивидуални земјоделци ја продаваат пченицата на приватни откупувачи кои на лице место ја плаќаат по 9 денари. Се поставува основното прашање дали на РМ во овој момент малку не и засмета односно на луѓето кои што одговараат за оваа проблематика, и не се обидоа да изнајдат решение да го стимулираат откупот на домашната пченица наместо да увезуваат пченица. Тоа е првата работа која што сакам да кажам.

Слична е состојбата и со шеќерната репка бидејќи од година на година, последниве 10 години да ги земеме во анализа, не само последните 2-3 години производството на шеќерна репка опаѓа. Се поставува прашањето кои се причините, се обидел ли некој да ги анализира во оваа држава за состојбата што моментално ја имаме.

Ова што досега го кажував ми е со една единствена цел, а тоа е и да дојдеме до главното прашање во оваа проблематика, а според мене тоа е пристапот и концепциите за разрешување на постојниот проблем кој што го имаме при производството и откупот на земјоделските производи во Република Македонија.

Од податоците со кои што располагаме се гледа дека РМ за голем број производи може да ги произведе, што значи не е проблемот во производството на производите. Проблемот се јавува во откупот и обезбедување на доволно количини од тие производи. Значи според мое мислење проблемот не е дали Македонија може да произведе храна за себе, туку проблемот е дали тие може да ги стави во промет и во задоволување на потребите за храна на граѓаните, или пак дел од тие производи да се користат за храна на стоката во РМ. Според мое мислење многу по издржано е тврдењето дека ние како држава не сме доволно организирани на планот на откупот и заштитата на домашното производство.

Во изминатиов месец како еден од потписниците на една од интерпелациите бевме така нападнати дека ние не сме знаеле што е стратешки интерес на РМ, а никој не напаѓа за да докаже дека некој не знае дека е стратешки производ на РМ пченицата, стратешки производ на РМ е шеќерната репка, стратешки производ на РМ е пченката ИЛЈ млекото и ред други работи. Затоа никој не пишува дека се увезуваа1: 130 илјади тони пченица; од Аргентина, а за ова веднаш се најде политички задни намери на поединци кои што сакаат за одредена проблематика да расправаат во Собранието.

Од досегашниот период барем последнава година ипол како пратеник во ова Собрание верувајте ми не можам да го согледам концептот за развојот на земјоделието на Владата на РМ. Од следниве причини. Не ги носат кај мене стенограмите, но ќе го забележам следново. Кога ќе го носиме Буџетот Владата предлага Буџет во кој што нема износ за премии на земјоделски производи. Тогаш одредени пратеници поднесуваме амандмани, оваа година имаше еден амандман г-дин Тантаров, имав амандман јас и уште неколку пратеници за обезбедување на средства за премии. Тогаш ќе излезеа претставниците

на Владата, ќе ни речеа не може вака затоа што нашиот концепт за развој на земјоделието не се состои во тоа премии да се обезбедат за земјоделските производи, туку нашиот концепт е да го развиваме земјоделието сои обезбедуваше на кредити. Тоа е кога се носи Буџетот. Кога ние ќе побараме во текот на годината некоја расправа за обезбедување на премии Владата го менува својот став и вели не е крива Владата за тоа, туку сте криви Вие како Собрание бидејќи Вие не обезбедивте премии во Буџетот кој што го изгласа Собранието на РМ. Таков е случајот и со сегашново мислеше кое што го имаме од Владата на РМ по постојниот закон во кое што тие велат , предлагаат да не се усвои и напоменуваа "со оглед на тоа што со Буџетот на РМ за 1998 година не се предвиден средства за премии за произведено и откупено производство на пченица и ред други производи законот предлага Владата Собранието да не го донесува. Јас ја прашувам Владата на РМ кога ја кажува вистината? Кога ќе го носиме Буџетот, или ја кажува вистината сега со ова мислење ?

Сметам дека е најчесно, најискрено да се излезе пред граѓа- ните на РМ и да се каже дека концептот на Владата на РМ за развојот на земјоделието е тој и тој и нема да играме пинг-понг кога ќе го донесувате Буџетот и кога ќе ги предлагате ваквите закони.

Третата работа , Владата со ова мислење сака да го префрли проблемот во Собранието на РМ, но заборава една работа. Во постојниот закон за поттикнување и развој на земјоделието член 2 гласи: "за одделни произведени и откупени земјоделски производи се обезбедува премија.

Видот на производите од став 1 на овој член ги утврдува Владата на Република Македонија".

V/8.-

Значи Владата на РМ и со постојните законски решенија може да обезбедува премии за одредени земјоделски производи во зависност ако одлучи Владата. Да не го префрлува проблемот во друго место, бидејќи проблемот е во Владата. Минатата година можеше во предлагање- то на Буџетот да предложи одредени износи за премии на одредени земјо- делски производи, а за тоа си имаше и законско покритие.

Оттука сметам дека произлегува основното прашање што Влада- та на РМ не излегла со јасниот концепт за развој на земјоделието и не излегла со јасен концепт за заштита на домашното производство.

Зошто според мене треба да го изгласаме овој закон и ако си останеме како пратеници достојни и си го чуваме нашиот авторитет оние што претходно гласавме за потребата од донесување на овој закон, треба и сега да гласаме причините се следните:

Прво, сметам дека со донесувањето на еден ваков закон ништо нема да отстапуваме од останатите развиени земји во светот. Зошто го велам ова? Затоа што на сите општо им е познато дека ако некаде владите на државите и ако некаде државата има директни ингеренции, директно влијае во некоја стопанска гранка, тоа е во земјоделието. Голем е бројот на држави кои што имаат посебен аграрен буџет токму од овие причини за кои што досега зборував.

Втора причина заради која што треба да го донесеме овој закон! е да обезбедиме доволно храна за РМ бидејќи држава која нема храна е држава која е сиромашна и држава која е прилично нестабилна.

Третата причина е за да го намалиме трговскиот дефицит на РМ во меѓународната размена.

Четвртата причина е за да го намалиме дефицитот во платниот биланс на Република Македонија.

V/9.-

Би завршил со тоа дека по однос на Предлогот на законот на г-динот Тантаров имам поднесено амандман, па за да не се јавувам после аз дискусија, ништо суштински не менував само што вредносно определува колку ќе изнесува премијата.

Предлагам тоа да биде 15% од заштитната цена или од откупната цена во зависност од видот на производот. Затоа сметам и ги повикувам сите пратеници, посебно пратениците кои што им ветуваат на селаните дека ќе ги штитат нивните интереси да го поддржат овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шакири.

VI/1. - СЈ/ВБ

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Уште на почетокот сакам да истакнам дека нашата пратеничка група ќе го поддржи овој Предлог на закон за изменување на Законот за развојот на земјоделството, бидејќи ние како Пратеничка гру- па сметаме дека е во интерес на нашите граѓани да се поддржува овој закон и за оваа работа треба вака да му се заблагодариме на господинот Тантаров бидејќи навистина во овие моменти се чини дека ни Владата ни многу други институции кои се понадлежни немаат интерес за нашите земјоделци.

Јас исто така имам поднесено и амандман со кој амандман барам и тутунот како индустриска култура да се вклучи во овој закон да има предност како што имаше порано во врска со премијата, бидејќи во последната година производителите на тутун не добиле премија, а ние знаеме каква е цената на тутунот сега, во моментов. Јас зборувам за тутунопроизводителите од Куманово. Највисоката цена за прва класа, бидејќи не сум толку стручен, меѓутоа ги консултирав сите производители прва класа што е најквалитетен тутун се плаќа 80 денари. Тоа значи многу ниска цена, а втора, трета и четврта класа за нив да не зборуваме. Секоја година тутунопроизводителите порано имале премија, а сега немаат. Не само во Куманово каде што се произведува тутунот и зазема прво место кај земјоделците, мислам дека тој се произведува и во Источна Македонија.

Имајќи ги во предвид овие факти, мислам дека овој закон треба да се гласа од страна на пратениците, но мене ме зачудува еден факт што голем број пратеници немаат интерес да го слушаат дури и изалгањето на предлагачот на законот, што е голема штета за Парламентот, бидејќи ние знаеме дека тука мора да се заштитат интересите на земјоделците затоа што голем број семејства во РМ се занимаваат со земјоделие.

Министерството досега, да не речам ништо, тоа е лаички збор меѓутоа немаше доволно интерес да ги заштити интересите на земјоделците. Јас уште еднаш потврдувам и ние како пратеничка група ќе гласаме за овој закон и треба сите како пратеници да водиме сметка и во овие моменти даму дадеме поддршка на овој закон бидејќи е од интерес на сите граѓани на РМ.

Јас незнам пред колку време реков дека во РМ ако не се води добра политика за заштита на интересите на земјоделците ние знаеме какво е нашето производство. Ние сме свесни ако не го зачуваме интересот на земјоделците ние тогаш ќе претрпиме голема штета како држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Панчо Минов

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, најнапред сакам декларирајќи се како застапник на интересите на граѓаните кои се претежно земјоделци од мојата изборна единица во Кавадарци и Росоман да го поздравам и изразам голем респект кон предлогот на пратеникот Вељо Тантаров за измена и дополнување на Законот за земјоделие. Во исто време сакам да искажам дека програмска определба на ЛДП и на пратеничката група на ЛДП е да се афирмира; афирмациите и премиите во земјоделското прозводство. Она што актуелната власт година две station наназад го изврши со нивното укинување, мислам дека е беспримерно и дека нема ни во една држава во светот и многу побогати во областа на земјоделието отколку Македонија, кои што го иамат задржано стимулирањето и премирањето на земјоделското производство, туку напротив иако така со развиен степен на земјоделие понатаму тие форми на интервенции на власта, на државата во земјоделието, не само декларативно туку практично преку овозможување и реални износи на стимулирање премии на земјдоелските производи го потврдуваат.

41/3.-

Има една пракса која што укажува на тоа дека користењето на премиите и на стимулациите имало некои искуства кои што претставуваат некои канали и механизми да премиите и стимулациите воопшто не доаѓаат до намената на конкретниот непосреден земјоделец туку преку рзаните комбинати и преку центрите за кооперација со индивидуалните земјоделци, преку тие форми се губи непосредното користење на ефектите од премиите и стимулациите кои во претходниот период ги имавме и ние воведено.

Сметам дека таквата пракса не треба да се решава преку укинување на премиите, туку треба да се решава преку контрола и надзор на механизмите, да навистина она што го одобрува и што го наменува за поттикнување на развојот на земјоделието преку премиите во конкретниов случај да достигне реално намената да дојде до непосредните земјоделци. Тоа е еден концепциски друг приод по однос на тоа што актуелната власт место тоа така да го реши, место тие механизми кои значат оддалечување на користењето на премиите и стимулациите на земјоделците, тоа се комбинатите постојни, и кооперациите наместо тоа да го реши како еден ефикасен механизам на помошта од државата преку премии непосредно да дојде до вистинските земјоделци, таа се прифаќа кон мерката укинување на премии.

Всушност овој закон значи една конкретизација на веќе во постојниот закон една општа одредба од делот на мерката премии во стимулирањето на земјоделието. Што тоа значи? И постојниот закон односно членот што се менува преку предлогот на пратеникот Тантаров всушност занчи она начелно што е таму уредено, да ете Владата одредени земјоделски производи ќе ги премира со посебна одлука која што ја донесува таа. Конкретниот предлог во законот тоа го конкретизира и кажува дека мерката премија за стимулирање на земјоделското производство ќе важи за стратешките производи и таму ги набројува пченица, млеко, шеќерна репка, сончоглед итн. Мислам дека многу е

логично и многу природно она што не е укинато во сегашното, во позитивното применување на Законот за поттикнување на земјоделие односно мерката постои иако таа е нереална бидејќи во Буџетот за 1998 година во позицијата за интервенции во земјоделието не се предвидува позиција посебна за разлика од претходната година 1997, повеќе 1996 кога имаше посебна позиција во интервенциите во земјоделието, стимулации и премии Така да, иако е како мерка останата во постојниот закон таа е многу начелна остава наместо со закон да се воведе некоја мерка и тоа треба да биде едно правило со законски пропис уредување на односите, таму само начелно ја предвидува и кажува дека со посебна одлука Владата ќе одреди за кои земјоделски производи ќе воведе премија. Таа начелно коментирана заедно со тоа што во Буџетот за 1998 година не се предвидува позиција за стимулирање на земјоделието со стимулации и премии фактички начелно и нерално го прави оваа многу битна мерка поттикнувањето на земјоделието, мерка на државата, премирање.

Сметам дека тие два моменти и надминување на начелност со конкретно кажување за кои земјдоелски стратешки производи ќе се воведе премија јас посебно инсистирам за пченицата и за млекото прифатлив е и предлог - амандманот кој што го предвидува и тутунот како една земјоделска мерка за премирање, прифатливо е уште поголемата конкретѕ зација кога се вели дека тие премии треба да изнесуваат 15% од откупната цена на земјоделските производи, сметам дека во суштина и со својата основна цел овој закон ќе биде во голем интерес за земјодлексото производство и ние како пратеници не само од земјодеслките општини бидејќи на сите ни е определбата ете, развој на земјоделието во нашите програми од политички субјекти од каде што поттикнуваме од тоа декларативно произнесување по однос на земјоделието, ова ни е шанса да се афирмираме и ние како пратеници

да го афирмираме и собранискиот дом со една конкретна мерка која неправилно беше укината, ќе повторам, пред две години повторно да се воведе и со тоа да дадеме еден наш конкретен реален и вистински придонес кон развојот на земјо- делието, односно кон поттикнувачките мерки кои што ќе значат повисок стандард на вршење на земјоделските дејности, а со тоа и профитот од земјоделието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Томислав Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани десетина петнаесет колеги пратеници, апелот на колегата Најдовски и Тантаров прашање е колку ќе наиде на поддршка со еден ваков редуцира] состав. Јас сум сепак оптимист дека покренуваме едно прашање битно за целата држава, без оглед кого застапуваме и од кој регион доаѓаме со тоа што низ овиенеколку дискусии провејува една желба за долго- рочно разрешување на проблемите во аграрот. И, нека не ми биде замер< но што ако овој предлог закон кој што носи еден поширок наслов за поттикнување на развојот на земјоделството без оглед што се конкрети зирани одредени да речеме ние основни земјоделски производи кои што треба да бидат премирани, мислам дека созреаваат услови на една посебна седница во овој состав да проговориме воопшто за состојбите во аграрот, без оглед дали се тоа основни земјоделски производи, дали кон тоа ќе го додадеме згрозјето, виното, оризот, јаболкото, раноградинарските производи и се она дотолку повеќе што долго очеку- ваната национална стратегија за развој на државата е веќе присутна еден добар дел се однесува на иднината на

аграрот со заложби, се разбира, со пораки за здрава храна, еколошка храна, и се она што се ресурси на ова поднебје.

Прашањето на сточарството, еве овие денови од прашањето на откупот на јагнињата итн. претставуваат едно комплексно прашање кое што сигурно и самиот министер и Министерството не можат да ги разрешат иаќо верувам дека имаат и желби и добри намери. Беше искажано сосема компетентно дека ние во Буџетот не предвидовме средства но не значи дека не може да се интервенира со негов ребаланс со полногодишна анализа итн. итн., но јас идејата на колегата Тантаров ја гледам подолгорочно и во таа насока мислам дека треба да ги насочиме нашите идни активности.

Инаку, да не бидеме идеалисти дека во најразвиените земји како што некој спомна тука Данска, Франција, па ако сакате и Германија дека состојбите во аграрот се идеални. Најголемите проблеми во Европ- ската унија потекнуваат од аграрот. Секој бара една поповолна позицијг за своето производство затоа што секаде на некој начин има вишок на одредено производство и прашањето е многу комплексно, па дури би рекоЈ и контрадикторно. Вишоци, заштита, а од друга страна сите се борат да нема премии, да нема прелевмани, да има една поголема либерализација. Тоа се само празни фрази кои што ги демантираат исклучувањата и во соседна Грција и во другите земји каде што револтот и ангажира- њето на земјоделците најчесто се најгласни, неефикасни и неоргани- зирани блокирање на патишта итн. итн.

Сигурно дека не сигерирам вакви мерки, меѓутоа сигурно дека стои прашањето колку и аграрот е организиран колку има влијание преку асоцијациите преку Стопанската комора и да видиме сега овие идни нови така даречам еснафски организирања кои што законите ги донесовме во периодот кој што помина Законот за води, Законот за центар за унапредување на земјоделието, приватизацијата во аграрот која што не ни оди како што треба, сето тоа мислам дека од нас како пратеници

41/7.-

налага да се избориме за една посебна седница на која што исклучива тем ќе биде на дневен ред аграрот и неговите перспективи низ еден поширок аспект. Ние често пати дури со најдобра намера критикуваме увоз на одредени земјоделски производи. Треба да сватиме дека се работи за бартер аранжмани и компензации, се работи за контингенти, се работи во краен случај и на обврски со земјите со кои што сакаме еден либерален начин на трговско однесување, на трговија.

Така да, често пати доаѓаме објективно во една пат состојба дека мора нешто од тие земји да се земе за да се покрие она што се извезува. Но, мислам дека во основа останува проблемот, а јас би го резимирал на следнито начин. Никогаш желбите, потребите и пласманот на земјоделските производи не оди право пропорционално со она што значи амбиции и она што значи поставеност на трговските фирми особено оние кои што се занимаваат со увозно извозни зделки и аранжмани.

Секогаш проблемите ќе бидат на таа релација. Ние и покрај најдобрите намери за контрола на увозот на јужното овошје со дозвола за извезени јаболка и сл. еве што ни се случува на нашите пазари на големо. Користење на постигнати спогодби со СР Југославија и сега на мала врата огормно крличество на јужно овошје еве го на нашите пазар а јаболката сеуште не може да се покрене од три килограми за една марка првокласно и екстра производство на јаболка.

Проблемот не е едноставен, проблемот е комплексен, но секогаш во прашање се нечии интереси и високи профити. Земјоделците се задоволуваат со мали профити, се задоволуваат со една гола егзистенција која што е евидентна и да повторите никогаш да не се плашиме од богати земјоделци, од богати селани затоа што никогаш нема да бида толку богати за да бидат опасност во државата.

Да обезбедиме услови тие луѓе да обезбедат една нормална егзистенција, да обезбедиме нивите да бидат обработени, да биде применета современа агротехника и кредитите за земјоделството толку очекувани конечно дојдат во рацете на земјоделците за да се помалку ги притиска социјалниот аспект затоа што, да не заборавиме, многу вработени во досегашнито општествен сектор доброволно заминаа како стечајни работници, како технолошки вишок добивајќи една минимална компензација сметајќи сериозно дека утре ќе ја гледаат својата егзист ција како крупни производители на храна, се разбира со дополнително користење на поволни кредити.

Кредитите ги нема барем таму каде што треба да дојдат, и да ве информирам дека Комисијата за стопанство на својата седница пред два дена ќе бара посебна седница на оваа комисија на која што ќе бара информација од компетентните министерства колку кредити држа вата доби врз база на задолжување на државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Кои се тие кредити, со какви услови и каде тие кредии. Лично мислам дека треба да се направи и кај кредитите што се добиени по основ на она што значи развој на и аграрот, во чина насока е овој предложен закон.

Да завршам со следното:

Се приклучувам кон колегата подносител на овој закон. Верувам дека ќе имаме разбирање, но мислам дека трајно решавање кое што никогаш нема да бите трајно, ќе биде само соодветно на времето и на периодот во кој егзистираме, го глеам преку заклучок кој барам да биде донесен на оваа седница, без оглед на тоа дали овој законски проект ќе биде усвоен или не.

Еден од заклучоците да биде, во рок од 90 дена да биде свикана седница, во подготовка, се разбира на ресорното и ресорните министерства, ако ги има повеќе. Верувам дека ќе има затоа што не можеме Минситерството за развој да го оддалечиме од ова што значи стратегија на развојот, иднина, посебно на седница на која ќе се разговара за се вупните проблеми во аграрот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сакам и јас да се вклучам малку во рамките на расправата по овој закон.

Прво, голема почит према предлагачот на законот, без разлика дали законот е сега погоден, дали е во право време дали е сега во корелација со сите збивања во државата и најпосле дали одговара на буџетските можности на државата и мерките што ги презема. Меѓутоа, секогаш иницијативите на пратениците треба да се почитуваат затоа што, сепак, пратениците кои се присутни на теренот најверојатно ги

чувствуваат и проблемите на нашите граѓани. Така да во тој дел лично сметам дека во сосема оправдано што Тантаров веќе подолго време како дејствува во Парламентот сака да направи некои измени и дополнувања во сферата во земјоделието, со единствена цел нашите земјоделци да имаат поголема иднина и поголема сигурност. Меѓутоа морам искрено да кажам дека малку сме во една, да не кажам конфузија, во ситуација кога веќе е донесен Буџетот во Државата, а во меѓувреме на некој начин го донесовме и Законот во септември за поттикнување на земјоделието, така да сега имаме два инструменти кои треба да ги именуваме за многу кратко време. Тука мислам дека прашањето е доста дискутабилно и дали можеме сега така коректно да направиме измени и дополнување на законот, со единствена цел да ја подобриме состојбата на граѓаните. Меѓутоа, гледно од аспект на проблемите сега што се јавуваат кај земјоделците, лично сметам дека овде недостасува една по сериозна анализа и на компарирање на податоци помеѓу едното и другото, во стил на тоа да видиме дали нашите земјоделци кои ги имаа своите премии беа повеќе мотивирани за производство и имаа поголема сигурност во самото производство. И сега кога го донесовме законот ги укинавме премиите, тогаш настана сосема други промени. Што сега тоа значи:

Кај мене има едно оправдување, секогаш кога зборувам еза земјоделието дека треба многу одговорно да се однесуваме кон оваа гранка без разлика на присутните пратеници во салата, мислам дека не следат низа други сали во Собранието, но тоа не е битно. Битно е дека тука ни е министерот кој посебно го ценам. Лично сметам дека тој дадеа голем придонес во развојот на земјоделието. И со неговото присуство мислам дека веќе почнуваат работите да одат кон подобро. И во тој контекст сакам да дадам свој прилог во самата дискусија.

VI/3 .-

Мислам, никој нема да го спори тоа дека во РМ имаме одредени стратешки култури кои мораме да ги заштитуваме и да се однесуваме со поголем респект, а тоа се работи за пленица, сончоглед, млеко, еве сега се зборува за тутунот, маслодајна репа итн., тие неколку стратешки култури кои се изворни во РМ со една забелешка до мојот колега Тантаров кој во целото негово искажување најповеќе се задржува на Пелагонија итн., бидејќи беше врзано локално. Меѓутоа Законот сепак на некој начин е поширок и тој се однесува за цела Република. Ние тука така треба да дискутираме, бидејќи јас доаѓам од Куманово, а Куманово претставува извонреден земјоделски терен каде се произведува квалитетен сончоглед месо, млеко итн. Во тој контекст треба да се апострофира и да се потенцира дека, иако Законот кажува измени и дополнувања на Законот донесен од Собранието, меѓутоа вашата диску-сија малку ме збуни бидејќи се задржавте малку локално, исклучиво на пелагонискиот регион.

Во тој контекст лично сметам дека за одржување на самото производство или мотивацијата на земјоделските производители мора да имаме пред себе еден сериозен факт и покрај тоа што тоа не е сега мерка на самата Влада заради тоа што, лично сум убеден, имаме една голема диспропорција, ако така може да се каже стручно, меѓу производната и заштитната цена. Еве од кој аргумент. Тоа лично на терен го почувствував кога бев во мојата изборна единци и во еден разговор дојдов во ситуација дека производната цена на самата пченицаа барем во овие услови не е само зависна од оној производител, директно лично, да речеме повеќе да се ангажира, да биде повеќе модериран итн. Меѓутоа, зависи многу и од надворешните фактори,а е ве што се тие. Сега засега репроматеријалите се многу високи во самата калкулација на чинење на цената на производот, еве на пченицата. Еве на пример вештачки ѓубрива. Вештачките ѓубрива беа покачени од 550

на 650, па некаде се користи и 680, меѓутоа пченицата остана на исто ниво. Тоа значи за 10, 15 и до 20% за вкупната цена на калкулација веќе го оптеретува тоа производство. Тоа е една работа.

Второ, гледате секојдневно заштитните средства за производство на сите земјоделски производи, пак се тие високи, дури се зголемуваат, дали се работи за заштита на јаболко, на пченица, сончоглед, бидејќи нашите земјоделски производители во овој момент почнаа да користат модерни средства за да можат што помалку работна сила да вложи за да бидеа поевтина самата цена на производот. Меѓутоа гледате дека цената на заштитните средства се многу високи.

Ако земеме тука и една цена врзана за нафта, за обработка на самото земјоделие, тогаш ќе сфатите дека производната цена на еден производ гледано само се овие 3 елементи е толку висока да нашиот производител сега се доведува во ситуација колку може оваа заштитна цена во извесна смисла да ја надополни производната. За мене е сега една голема диспропорција, една конфузија, еден конфликт. Меѓутоа и во таа ситуација, објективно зборувам нашиот производител нема никаква можност да дојде до позиција да има таква цена која сепак ќе им ги покрие трошоците и ќе му даде нешто за прост репродукција, а да не зборувам за подобрување на неговиот животен стандард. Во тој контекст лично сметам дека, јас така го гледам, веќе се јавува некаква потреба од интервенција на самата држава во смисла на заштитната цена, дали тоа ќе биде во форма на премија или во некој друга форма. Битно е дека државата сепак влегува, во цената создава една сигурност а не некој начин го мотивира нашиот земјоделец. Не зборувам за карактерот на земјоделието за севкупната социјална политика на државата гледано до многу аспекти заради тоа што популација во РМ околу 45% живее на село, а во овие конфузии кои настанаа во рамките на економската сфера со недоволно работни места во индустријата, отпушташе на работници

кои сега треба да се зафатат со дел од земјоделие, мислам дека е време, нека биде тоа интервентно, да не биде тоа стратешки, за 10-15 години. Меѓутоа во овој временски период кога има криза меѓу заштитна аи производната цена, го молам министерот да размисли дали има сега можност да влеземе со интервенција во државата, па нека биде и во форма на оваа премија која во некое време беше и популарна, па дури и прифатливо од нашите земјоделци.

Лично сметам дека еве јас носам едно мислење, една голема поддршка од земјоделците од каде јас сум избран. Тие од секогаш ја подржуваат премијата и таа им значи нешто. Ако не друго, сепак државата да влезе во позиција да размислува за самите земјоделци. Од тој контекст дека предлогот на Тантаров има своја смисла. Меѓутоа дали баз формата треба да биде ваква или онаква, би било добро нашиот ценет министер тоа да го каже и да ни помогне, ако е можно, со единствена мера во 1998 година нашите земјоделци да имаат поголема сигурност.

И едно посебно прашање за министерот кога е веќе во контекст на Законот, дали оваа програма сега што беше врзана за поттикнување на земјоделието, со закон таму се предвидуваше, дали таа програма веќе е изготвена и дале е веќе во функција, бидејќи самата програма на некој начин создава услови за прераспределба на средства и за поттикнување

на самото земјоделие. Во тој контекст еве јас давам поддршка на намерата на нашиот ценет пратеник.

**ПЕТА ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе , почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници,

Се придружувам кон предлогот на г-динот Тантаров и кон дискусиајта на Бранко Арсовски и другите дискутанти. Посебно ќе нагласам тоа што очекував во самиот предлог дека ќе биде ставен тутунот. Меѓутоа тука не го сретнав, а знам дека во тутнопроизводството секога1 постоеле премии кои што им користеле како на организациите така и на индивидуалните производители,.

Законот за тутун всушност на тутунот треба да им даде третман од системски карактер што одговара на неговата важност, за во иднина што ќе одговара на законите и концепциите на економската Унија во која РМ ќе биде ставена рамноправно во заедничкиот пазар.

Посебно јас очекував дека во новите измени, предлог закон за тутун ќе имаме и еден член изменет кој и порано постоеше, а ценам дека треба и да постои. Тоа е институционалната регулатива која спага во надлежност во Владата на РМ. Таа ја одредува откупната цена преку одреден паритет, премијата на откупен тутун, регресите, каматите на кредитите за производство и обработка по подготовка на тутунот за извоз, извозните субвенции, како заштитните и фискалните мерки. Без постоење на овој член, Законот за тутун навистина би бил празен. Затоа кога го видов овој амандман од г-дин Хисни Шакири, ценам дека држи место и го поддржувам истиот како тој навлегува во суштината во правата смисла на она што Македонија е позната и призната по своите

типови на тутун. Да ја оставиме оваа година која е исключителна. Знаеме какви беа претходните години.

Цениме дека самото воведување на премии, со воведување на стимулации ќе го задржиме тутунопроизводителот и тутунопроизводството на нивото што сме го имале од поранешни години.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Му давам на г-динот Киро Докузовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прво јас благодарам што на оваа сеница земјоделието се најде на дневен ред. Тоа навистина интересна тема и многупати и помага во тоа што и ние го предлагаме.

Прво, околу дискусиите не се впуштам да дискутирам бидејќи морам да кажам многупати се повторуваат исти работи, а не заради тоа што мислам така како што некој кажа. Ќе се воздржам овој пат да коментирам.

Сепак некој работи да ги кажеме, не заради дека е така, но тврдам дека е така.

Бројките што ги спомнувавте во дискусијата околу билансите на пченицата, треба да ги земеме со голема резерва, бидејќи во 1994 година знаеме од каде и по која цена доаѓаше пченицата во Македонија. Тоа не е род од нашите ниви. Во 1995 година јас не бев министер, кој беше вие знаете и тогаш е донесена таа одлука да ги снема сите овие симулации во земјоделството. Јас ги критикував како функционер во Комората дека сето ова не е во ред, дека мора да има агропоттикнувачки

мерки, стимулации итн. Таа работа е завршена и мислам дека можеме само да жалиме, па и да критикуваме и да кажуваме тоа не може да се врати, не барем така како што тогаш било поставено.

Второ, премија за тутун никогаш немало од 1995 година, колк; што јас памтам, бидејќи сум бил функционер во тоа министерство. Премија не. Заштитни цени да, затоа што заштитната цена во аграрот и секаде во светот има иста функција да гарантира едно ниво за сигурност на земјоделците, но секогаш испод пазарната затоа што државата ги поттикнувала плус вишокот го чувала во резервите. Во време на пазарна економија таа функција губи се повеќе во значај бидејќи ние не можеме да гарантираме нешто да после државата да го преземе. Треба да функционира пазарот за тоа производство.

Што е тоа ако би вовеле премија за тутунот. Неа ја бараа во 1981, 1986, 1990 година, затоа што државата не купува тутун, не треба да купува тутун, треба да го купуваат тие што го купуваа во 1997 и сега во 1998 година. Видовме кој е ефектот од таа работа.

Второ, тутунот не е стока која ќе седи во државните резерви Тоа е стока за пазар.

Законот што ќе го менуваме денеска , во него има една об- врска што јас како критичар во времето ја побарав. Ако тутунот е од интерес на државата сега поттикнува со нешто и направивме обврска да се стави Програма за поттикнвуање на развојот на тутнопроизводството. Програма е донесена.

VI/9 .-

Три милиони денари за поттикнување на развојот, дали нешто значат, во 55 милиони долари платени за тутунот годинава. Дали ќе се ориентираме сега Буџетот да дава за поттикнување на тутунопроизводството во услови на пазарна економија, на слобода странски капитал да доаѓа и ако му доаѓа тутун да го плака. Јас се гордеам, што сум, министер на оваа држава и се вклопувам во вакви амбиенти да работиме, посиромашна држава да поттикнуваме тоа што можеме. Од кога да землеме пари кажете ми да можеме да поттикнуваме тоа што го барате овде.

Овој Закон на Владата бил трипати. Кога беше првата фаза Владата кажа дека со овој закон има основ, меѓутоа не постојат средства и не постоеше друго, што Тантаров сам го кажа.

Кои биле причините што овие мерки се донесени.

Ако јавно зборуваме сега ние овие мерки да ги донесеме вакви какви што се, може да има штетни последици и врз аграрот на Македонија. Можеме овој закон да го користиме и за изборите. Годинава е избор на година и сите ќе настапуваме на селов двн ветуваме дека ќе добиете пак премија. Г-да, тешко од каде да ММП за да даваме премија на селаните. Посебно е тоа што таа функција на премијата беше изгрувана. Но мотивот сигурно не бил тој. Мотивите биле, вие знаете кој, сосема други и од тие причини не би сакал да се впуштам и да ги давам тие образложенија.

Прашањето на премијата за пченицата што многу ја споменуваме, но не да ги спомнувам само бројките само на откупена пченица, односно на произведена пченица.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:** (продолжение)

Површините во последните дваесет години под пченица најмногу осцилира 10%. Значи,не е проблемот кај пченицата површината, туку приносите кои многу осцилираат. Вие знаете, сте правеле прогнози дека во мај ќе имаме голем род, за да наеднаш жетвата биде катастрофална. Се радувавме дека ќе биде убава, ако не паднеше дождот сега, ќе имавме лоша. Можно е и годинава да имаме лоша жетва, иако посевите се релативно добри. Според тоа, проблемот е во производството, во приносите, а не во површините и интересот за пченица. Македонија не може за долго време да се задоволи со пченица. Ќе мора да увезува Прашање е само дали ќе увезува 60.000 тони или 120.000 тони.

Функцијата на премијата во овие 15 години наназад имала улога максимум 21% од пазарните вишоци што ги давале земјоделците да одат во државни силоси до 10% просечно. Значи, колку и да е стимулацијата висока премијата, ја имаа таа функција да ги поттикнува да носат жито во резерви односно во силосите никогаш не била повеќе од 21% од приватниот сектор. Според тоа, премијата ја иззживува својата функција во аграрот, зборувам барем кај пченицата.

Кај млекото е сосема друга ситуација. Треба да се бараат решенија нешто да се прави, меѓутоа, кажувам за пченицата е многу тешко.

Мислам дека не е коректно да зборуваме за пусти полиња народот минува, а селаните гледаат што се прави во Македонија, се сее, не е толку колку што се сеело некогаш, меѓутоа, 1997 година ја посакувам и во 1998 и сите ние, се сее тутун, житариците се посеаја, зеленчукот се сее, прашање е само од политички причини да не се најдеме во ситуација што бевме пред две години. Ако имаме пазари какви што има-

вме до сега треба да бидеме сите оптимисти, а не да кажуваме дека се е црно. Не сакам со тоа да се фалам, тоа не е моја заслуга, заслуга е на околностите за спогодбите што се потпишаа, се отворија пазарите и слично.

Сакам да го повторам ставот на Владата при носењето на Предлог законот беше негативен, кажавме зошто, кога се носеше Буџетот исто така се кажа дека пари за ваква намена нема, бидејќи и тогаш се зборуваше за ваква работа и сега кажуваме дека овој закон да се спроведе не постојат основи, затоа предлагаме да не биде донесен, бидејќи пари во Буџетот нема, ги кажав причините за 1995 година како причина за нивното симнување како стимулации и денес се присутни дури и поактуелни од тогаш.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници една мала интервенција во врска со излагањето на господинот министер во врска со неговото истакнување дека за тутунот немало премија, јас мислам дека имало премија, меѓутоа, министерот е во право бидејќи од како е тој министер навистина нема премија. Тоа е точно така, порано имаше премија и беше стимулирано од страна на други министерства за тутунот во нашата земја, бидејќи знаеме каков е квалитетот на нашата земја, за што е прилагодена и на што повеќе одговара. Јас мислам дека квалите-

тот на нашата земја и во Источна Македонија и во Куманово повеќе одговара за тутун. Ние произведуваме најквалитетен тутун на Балканот. Со тоа треба да се гордееме и ако не ја стимулираме оваа култура како сите други култури вклучувајќи ја и пченицата, маслодајната репка и сите други, мислам дека ќе направиме голема грешка. Меѓутоа, јас знам дека Куманово по производство на тутун од типот "Отља", јас не сум толку стручњак, меѓутоа, министерот има право да каже за други работи, а за тутунот јас знам колку работната сила се троши, а во овие услови јас реков во моето излагање тутун од прва класа мислам на квалитетот се плаќа 8 0 денари, кажувам за тип "Отља", а втора и трета класа се уште пониски, па замислете господа каков е статусот на тутунопроизводителите кај нас. Ако не му дадеме можност да го користи барем ова право што беше порано, тогаш ќе направиме голема грешка. Затоа секое избегнување од страна на министерството да не се плати премија за тутун, господа ќе правиме голема грешка. Јас не можам да бидам толку манипулант за оваа работа, бидејќи не сум стручњак, знам, можам да кажам да држам лекција како се произведува тутунот, меѓутоа, сепак не сум стручњак, а министерот поготово за оваа култура да зборува така, мислам дека не е во ред. Ние знаеме дека во 1945 година колку помогнал на нашата земја тутунот во најкритичните моменти, кога не сме имале друг излез, туку само преку тутунот да експлоатираме дел од светскиот пазар само преку тутунот со ни една друга култура. Сега, со 1000 килограми тутун ништо не може да се направи. 1000 килограми тутун од прва класа по 80 денари ако направиме математичка пресметка ќе излезе под 3.000 ДМ господине министре јас знам дека на почетокот некаде 60-тите години 1000 килограми тутун семејство од 7 члена можеше да обезбеди егзистенција за цела година да ги подмири сите трошоци, а како е сегашната цена се знае, уште тоа да се одбие, мислам дека ќе се направи грешка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Вељо Тантаров, предлагач на Законот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас внимателно го слушав мислењето на господинот министер по земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со Предлогот на законот за изменување на законот за поттикнување на развојот на земјоделството во нашата држава. Тој не сакаше да се впушти во играта на податоците што беа презентирани на оваа говорница дали се точни или не се точни, меѓутоа, искажа едно мислење што го кажа Владата дека нема пари во оваа држава за да се обезбедат премии за сончоглед, шеќерна репа, пченица, млеко, маслодајна репа и се разбира амандманот поднесен за обезбедување на премија за тутунот.

Во неговото образложение на овој план тој се задржа дека наместо премија ние како земјоделци треба да бараме шанси за повеќе пари во постигнување на повисоки приноси од пченицата и другите култури. Јас морам да го потсетам господинот министер, дека во неговото министерство во подолго време се издава една брошура под наслов "Ваш избор за иднината". Во Билтенот број 1 од оваа брошура меѓу другото е ставено дека кај нас можат да се произведат 4 тони пченица по 10 денари да се добие 40.000 денари, а трошоците на ова производство според калкулациите што се направени во оваа книга изнесуваат 31.550 денари на еден хектар. Тоа значи дека на добиени 4 тони по хектар пченица би останала чиста добивка за земјоделците околу 8.500 денари. Господа, со овие 8.500 денари под претпоставка да ги признаеме трошоците што се направени односно внесени онака како што се внесени во оваа табела каде не е земена амортизацијата на тие доодени и дотраени трактори, прскалки, сеалки, циклони и кои не други приклучни

машини доаѓа дека со 8,5 илјади денари дали може еден земјоделец да се прехрани до новата жетва и да го организира новото производство на пченица или било која култура. Сметам дека вакви трошоци се направени и за другите култури.

Од тие причини јас очекувам денес министерот да каже какви се визиите на ова министерство за поддршка на овие култури, мислам на државна поддршка на овие култури? Јас не би сакал сега да презентирам овде некои податоци што Стопанската комора на Македонија додека нашиот министер беше во нејзините редови подготви еден материјал за тоа како во Америка и во рамките на Европската заедница се решени проблемите со премиите и како во овие земји на аграрот е дојдено земјоделците да не страдаат односно да бидат правилно обештетени во производството на нивните селско - стопански производи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Јас мислев да дадам пауза за ручек.

Пауза за ручек до 15,30 часот.

(седницата прекина со работа во 14,40 часот)

(Некој од пратениците рече дека можеби после ручек ќе бидат уште помалку)

Сега, наша задача си е, треба да си ја завршиме, затоа сме избрани овде.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,50 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Да потсетам дека пред паузата го заклучив општиот претрес по предлогот на закон за изменување на законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 1 по кој предлагачот не се произнел.

Пратеникот Хисни Шаќири поднесе амандман на член 1 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Го молам предлагачот г-дин Тантаров да се произнесе.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман на г-динот Хисни Шаќири, согласно овој амандман се бара воведување на премија и за тутунот.

Јас, како предлагач на овој закон го прифаќам овој амандман од едноставна причина затоа што тутунот половина век работи за Македонија, носи девизи со кои што нашето земјоделство обезбедува средства за набавка на увозни суровини.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам,

Отворам претрес по амандман на член 1 од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам предлагачот г-дин Вељо Тантаров да се произнесе.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

И овој амандман на г-дин Слободан Најдовски се прифаќа бидејќи со него се дава една препорака бидејќи најнискиот износ на премија за овие витални производи и тутунот да изнесува минимум 15%.

Значи амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака/ (24 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Кој се воздржува од гласање? (44 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го донесе законот за изменување на законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за надворешно трговско работење.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (нема).

Воздржани? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Во општиот претрес по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на закон за надворешно трговско работење, најнапред сакам да кажам една работа која што беше предмет на предлагање пред околу 3 години на пратеничката група на тогашната Либерална партија, а тоа е нашито предлог за измена на законот за Органите на управата во кој меѓу другото предлагавме во Министерството за стопанство да се концентрира целокупната проблематика на трговијата што значи и внатрешна и надворешна трговија.

Во таа процедура на предлог од страна на, и на заложбата на актуелниот министер од Либерална партија г-динот Иванов и на пратеничката група на Либералната партија не наидовме на поддршка од

тогашното актуелно мнозинство во Парламентот што е сега на мнозинството во Парламентот, па и на тогашниот носител на власта. И, навистина зачудува тој предлог таа идеја што е инаку сообразена со вкупните определби на пазарните односи во стопанството и на сите активности што се поткрепени и со трговски спогодби што Република Македонија за слободна трговија ги има со бившите ЈУ републики, не во тој закон како системски закон, најверојатно плашејќи се од двотретинското мнозинство за негово донесување и евентуално соработка со опозицијата, но во еден специјален закон, законот за надворешно - трговско работење се врши интервенција со измена и дополнување на законот со кој што суштината и целта е иста, односно се предлага со измените и дополнувањата на законот за надворешно-трговско работење да се концентрира проблематиката за трговијата во единствено министерство, односно Министерството за стопанство.

Сугестија за оваа работа, така, сознание за оваа работа е од Светската банка и на тој начин и налог од Светската банка до актуелната Влада оваа проблематика да се изврши со нејзино концентрирање во Министерството за стопанство, за што ете, се слуша тоа како налог од надворешен фактор, а не се имаше разбирање и не се прифати предлогот на тогашната Либерална партија во измените на Законот за органите на управата да се изврши уште тогаш пред 3 години едно концентрирање -на целокупната проблематика за трговија единствено во Министерството за стопанство а не како до сега во надлежност на три министерства. Тоа се Министерство за надворешни работи, неговиот економски дел, Министерството за стопанство и министерството за земјоделие, со што навистина стопанските субјекти беа изложени на една многу сложена процедура на добивање одобренија и разни контингенти во врска со надворешното трговско работење.

Истовремено, кога на ваков начин се предлага измена и дополнување на законот, имам една интервенција во делот на тоа што повторно, иако основната цел е да се изврши обединување на целокупната проблематика на трговијата и надлежност во едно министе-

рство каде што е и место и улога и во духот на нашата и пазарна ориентација и извозна ориентација на нашето стопанство, како единствен излез од состојбите во нашето стопанство повторно се задржуваат во делот на постапките за определување контингенти некои мислења, согласности, сега исклучувајќи го економскиот дел на МНР во делот на Министерството за земјоделие.

Сметам дека ако веќе целта на обединување на трговијата во надлежност на едно стопанство, нема потреба и натаму да продолжувам опстојување на таква процедура во одобрување на контингенти што повторно ќе зависат од некакви мислења претходни согласности од некои други министерства. Тоа може, а го дозволува и Законот за органите на управата да се спроведува по службена должност помеѓу министерство и министерство со што може со минимални или да не се изложуваат стопанските субјекти во однос на процедурата на одобрување на контингенти за надворешно - трговско работење на повеќе министерства, со што се комплицира постапката, а се зголемуваат и нивните малтретирање.

Во таа насока е поддршка на законот, бидејќи тоа веќе беше наша заложба, наш предлог како пратеничка група на ЛДП и се совпаѓа со програмските определби на ЛДП во афирмирањето на извозната ориентација на нашето стопанство.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам,

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници, По излагањето на г-дин Минов сакам да дадам само неколку укажувања во врска со овој закон.

Како што е познато речиси пред 3 години кога министер за стопанство беше г-дин Ристо Иванов, ваков или сличен предлог беше даден и тогаш многумина пртеници при расправата укажаа дека ова е добро решение, меѓутоа дека со овакви парцијални решенија не се решаваат работите во оваа област. Туку, потребно е комплексно решавање на проблематиката на органите на државната управа.

Притоа очигледно е дека нашата идеја на тогашната ЛП, а сега ЛДП дека беше и тогаш оправдана и зачудува зошто после толкав период од 3 години Владата повторно го става на дневен ред.

Прво, едно прашање, зошто после толку долг период? Мислам дека и министерот ќе даде некои појаснувања за тоа како е дојдено до ова решение, зошто не е чекано парцијално решение.

Второ, да ни се објасни зошто Владата не го даде комплексното решение за органите на државната управа, бидејќи тогаш многумина пратеници од СДС рекоа дека го поддржуваат тоа решение. Но, рекоа дека е потребен еден комплексен нов закон за државна управа. Значи ова решение дадено од тогашниот министер на ЛДП повторно, со големо задоцнување од 3 години сепак сфати дека нашата идеја тогаш беше да се поедностави постапката.

Очекувам дека министерот, доколку сака да даде појаснување во врска со овие решенија и овој закон, односно зошто е чекано 3 години и кога ќе биде донесен комплексниот закон што целосно ќе ја регулира државната управа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-дин Рикаловски, министер за стопанство.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Јас навистина не ја знам аргументацијата и контекстот во кој е водена расправа пред 3 години за измените на овој закон, ниту можам денеска да говорам за тоа кога евентуално ќе бидат предложени измени во законот за органите на управата. За тоа не сум подготвен во моментов ниту имам информации до кој степен течат изучувањата во таа сфера.

Тоа што сакам во оваа прилика да го подвлечам е дека со овие измени на законот апсолутно не се мотивирани со тоа дека за овие измени практично постои некаков налог од некој друг, туку овие измени произлегуваат од суштината на пазарното стопанство што се повеќе добива интензитет и на нашите простори низ легислативата и низ практиката.

Досегашното постоење на надлежности во внатрешна и надворешна трговија на различни пунктови веќе предизвикува сериозни проблеми во оперативното вршење во функциите. Оттука, беше неопходно, добро е што тоа се совпаѓа со нечие мислење во минатото. Тогаш не треба да бегаме од тоа и да се срамиме од такви потези.

Произлегува токму заради тоа што на овој начин мислиме дека концентрацијата на надлежностите ќе овозможи поголема и поуспешна примена на условите на работење во пазарен амбиент.

Сведоци сте дека најголемиот дел од надлежностите во надворешната трговија, односно исклучиви надлежности во надворешната трговија беа во МНР како рецидив на едно решение од

минатото кога политичките и економските односи беа подвоени па потоа се заклучам дека тоа треба да се реализира преку еден секретаријат што ќе ги обедини двете функции. тоа остана до денешен ден како решение што имаше место во практиката.

Денеска, тие функции може сложено да се применуваат и од тие причини се заклучува дека е неопходно да се концентрираат тие активности врзани за надворешната трговија во министерството за стопанство каде што се сите изворни надлежности по однос на трговските прашања од нашиот стопански живот.

Според тоа, до сознанија доаѓаме низ елементи што ги наметнува практиката, а не дека тоа го правиме по нечиј диктат.

Со овие мислења наши, тоа е друго прашање се согласуваат некои надворешни фактори, надвор од земјата. Но, тоа апсолутно не е мотивот поради кој ние приоѓаме кон овие измени.

Само толку сакав да интервенирам за да не се разбереме погрешно, а навистина не можам да одговорам зошто 3 години не е пристапено кон ова. Но, мислам дека решение е потребно, така да биде конципирано.

Не слушнав некој да има против. Јас би бил благодарен доколку го поддржите овој закон заради тоа што ќе овозможиме на еден конзистентен начин да ги третираме сите прашања во трговската сфера на нашето ангажирање.

Х/1.-ПЈ/МЛ

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Можеби би можел да најдам еден аргумент зошто тоа денеска вака се актуализира додатно од ова што го реков и преку тоа што дефакто трговската компонента врзана со внатрешниот пазар се помалку односно се повеќе губи во актуелноста заради тоа што со спогодбите што се потпишани, како што стои во образложението за слободна трговија со соседните земји, дефакто, ние ги изедначивме, да ре- чам така, условите за стопанисување на домашниот и на надворешниот пазар. Затоа, неопходно е овие елементи да се координираат од едно место, на еден начин да се спроведуваат и да се осмислува политика- та во севкупното трговско работење. Поделбите на надворешна трговија, внатрешна трговија веќе се рецидиф на едно минато време и пазарното стопанство нив не ги препознава така како што ние ги имав- ме конципирано во постојните наши прописи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Драган Горѓиев поднесе амандмани за додаваше нов член 2-а, член 3 и на член 6 став 1 и за додавање нов став пред ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а поднесен од пратеникот Драган Горѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Рикаловски, министер за стопанство.

X/2.-

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман. Образложение би било дека, доколку го прифатиме, повторно ќе се вратиме на позиција која ја имавме пред донесувањето на Законот кој сега е во сила, а се однесува на структурата на возниот парк во земјата. Доколку допуштиме возила во Македонија да се увезуваат без критериумот на старост, на ограничување на старoста постои реална опасност наши-т простор да се претвори во депонија на стари автомобили, која редица на негативности предизвикува од еколошки, финансиски аспект итн. Мислам дека не би требало ова решение да се напушти, туку да се задржи и понатаму и мислам дека тоа е и поекономично гледано за земјата во целина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Драган Горѓиев.

**ДРАГАН ГОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри. Во своето излагање ќе бидам сосема краток, бидејќи сметам дека станува збор за содржина на амандман, кој што сигурно на вам ви е познато, а и ова што го кажа господинот министер, па сметам дека тоа е сосема разбирливо и сметам дека тоа е поопширно образложување по текстот на амандманите не е потребно. Станува збор за три амандмани кои што се поднесени и кои што меѓу себе сите се поврзани, така што усвојувањето на првиот амандман на некој начин го условува и усвојувањето, односно неусвојувањето и на наредните два амандмани. Станува збор за следново, да се овозможи увоз на патнички автомобили, а соодветно на тоа се поистоветува и со досегашната регулација каде што е дозволено до пет години за товарни и полутоварни возила, што значи увоз на стари патнички возила до пет години. Со тоа иислам дека ќе се овозможи на сите оние граѓани во Република Македонија, кои што

денеска не поседуваат возила или оние граѓани кои што поседуваат патнички возила стари 15 односно 20 го- дини да можат да извршат увоз на такви патнички возила со пониска цена, а и сигурно со подобар квалитет од патничките возила кои што денес ги возат низ територијата на Република Македонија, поготово кога граѓаните на Република Македонија не се во ситуација да извршат набавка на сопствени возила, бидејќи нашата Република и не поседува таква индустрија.

Сметам дека и не би се сложил со констатацијата на министерот дека станува збор за напуштање на некои критериуми, па мислам дека границата до пет години, сепак, претставува некој критериум со кој што се оневозможува секаква анархија при увозот на патнички автомобили.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Ване Наумовски има збор.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, во врска со амандманот на колегата Горѓиев јас го поддржувам овој амандман со неколку мои гледања на она што е цел на амандманот. Тоа е прво, бројот на сообраќајните несреќи во една држава што значи тоа вози- лата да се стари или нови. Втор аргумент е просечната продажба на возила во Република Македонија што тоа го сретнав непосредно во печатот како податок, а тоа е дека во Македонија, во маса гледано, во пари иста е продажбата  што се случуваше и некаде до 1990 година. Но во број на возила тоа е далеку помалку, се купуваа поскапи возила, за разлика од оние поевтините, да речеме просечни возила. Односот на структурата е

прилично променет во овие години. Просечната старост на возилата, односно на возниот парк, некаде се движи, колегата тоа го спомна околу 15-тина години. За ова можам да бидам коригиран, но ова мене како податок ми е познато и го имам сретнато.

Четврта работа е можноста за купување на нови возила. Во Република Македонија при вакви можности, при вакви кредитни услови и каматни стапки и стандард, да кажам, на населението со една просечна плата што ја има, ми се чини дека тешко може во овие моменти поголем дел од населението да поседува или да вози ново возило.

Петта работа што сакам да ја спомнам е постојното решение во Законот каде што делот на возилата, товарните моторни возила можат со старост до пет години да се купуваат. Овде пологички иде некој друг обратно пропорционален однос да се стави. Теретните возила се поексплоатирани возила, за разлика даречеме од едно патничко возило. Обратен однос да се увезува возило теретно старост до три години, а патничките возила до пет, можеби е поиздржано решение. Сметам дека со една ваква нефискална, би рекол мерка што се предлага во амандманот многу би придонеле за подобрување на возниот парк во Република Македонија и од сите овие четири аспекти би се подобриле. Јас го поддржувам овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Павлов бара збор.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре. Јас станав да кажам неколку збора во врска со амандманот во смисла на поддршката на амандманот. Мислам дека причините беа доволно изнесени и од предлагачот на амандманот и од

мојот претходен колега. Ценам дека имајќи ја предвид просечната старост на возилото во Македонија, апсолутно има една потреба од прифаќање на овој амандман. На крајот би сакал да кажам и следното, јас не знам од каде протекла оваа информација, но морам да ви кажам дека можеби наназад два или три месеци има маса поставувани прашања од страна на заинтересирани наши граѓани од Македонија, дали е точно пратениче дека ќе дојде до корекција на Законот за надворешно- трговско работење во смисла за дозволување на набавка на возила од надвор до пет години. Мислам дека јас не чув некоја сериозна причина зошто не може да биде границата поместена од три на пет години и ценам дека е прифатливо амандманот да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

27 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Драган Горѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Рикаловски.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман од истите причи- ни што го повлекува.

X/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Рикаловски.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, заради тоа што сме- таме дека во утврдувањето на обемот на производи што како количинско ограничување би требало да биде опфатено со контигентите што Влада- та низ годишна програма ги донесува, неопходна е консултација и мислење на соодветните министерства, особено на Министерството за земјоделие, бидејќи најголемиот дел од производи кои се контиген- тирани, заправо се од доменот на надлежности на ова министерство. Во градење на став на Владата, неопходен е мислење и на ова минис- терство и затоа предлагаме да остане решението што во овој момент постои во постојниот закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претре- сот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 и за до- давање нов став пред ставот 1, поднесен од пратеникот Драган Горѓиев.

Драган Горѓиев го повлекува амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на за-

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

2 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за надворешно трговско работење.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доста- вени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господин Шапуриќ се јави за збор.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници пред извесно време јас со уште двајца колеги пратеници предложивме закон со кој се намали даночната стапка на детската конфекција. Тогаш беа изнесени низа забелешки по тој закон, меѓутоа сепак, и покрај спротивно мислење на Владата тој Закон беше усвоен, така што даночната стапка на детската конфекција и обувки се намали од 25% на 5%. Меѓутоа, што се случи тогаш? Се случи ефектот од намалување на даночна стапка во

пракса воопшто не беше ефектуирано, односно не беше прикажан. Имено, малопродажните цени и покрај вакви намалувања на овие давачки и други давачки, не даваат краен ефект. Јас жалам што не е повторно министерот тука да даде некои појаснувања, бидејќи гледам дека и Комисијата за финансирање и буџет овде во своите сугестии изнела, како и Комисијата за стопанство различни размислувања, а голем дел од тие размислувања се движат во таа насока што Ми- министерството треба да информира за ефектите на донесување на одреден закон. Имаме случаи каде беа намалени цените на кашкавалот, свинското месо и на некои други производи, меѓутоа, крајниот ефект во малопродажбата воопшто не беше ефектуиран. Се прашувам дали едно вакво решение, доколку Министерството и Владата не ги следи од оства- рувањето на одредени мерки кои што ги презема и не ги презентира пред ова Собрание, дали можат тие да бидат неутрализирани во пракса.

Самиот кажав дека кога беше усвоен Законот за намалување на детска конфекција, за жал, до намалување на цени не дојде.

Исто така, сакам да укажам дека овие одредени сугестии, кои што беа кажани во комисиска расправа дека повторно можеби и покрај тоа што се свесни за одредени манипулации во трговијата, во ма- лопродажбата, односно со претставување на детски броеви за како го- леми броеви и тн., во секој случај сите тие мерки можат само со засилен инспекциски надзор да дадат решение, а не со некои административни решенија.

Од таму сметам дека намалувањето на данокот би дало од- редени ефекти, меѓутоа, доколку Министерството за стопанство интензивно ги следи тие ефекти, пред се, преку своите инспекциски служби. Јас лично ќе го поддржам донесувањето на овој закон, меѓутоа очекувам како што е заклучено во комисиските расправи за овој, но и за други закони Министерството за стопанство и другите министерства да ги следат ефектите во реализацијата на самиот закон и да го информираат Собранието повремено за тоа.

X/ 9. -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Ве молам, колку пратеници се присутни во салата?

Очигледно дека некој не гласал.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 8 за менување на точка 1.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 8 став 1, точка 1 и истиот го повлече.

X/10.-

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандман на член 8 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на точка 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Госпоѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман поднесен од господинот Вељо Тантаров го бара следното. Гумените опинци да бидат со стапка од 5%, значи, со бенефициранатa стапка. Инаку, сакам да кажам дека постојната стапка за овој вид обувки е 25% со ова решение се намалува на 10% и има еднаков третман како и за сите видови обувки, меѓу другото и за детските. Сметаме дека треба да остане во стапката од 10%. Што значи, се надевам дека ќе се сложи и господинот Тантаров дека со ова решение има одредено намалување и на овој вид обувки и сме- таме дека не треба да се прифати само од тие причини. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (17)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Ве молам колку пратеници има во салата.

Во салата има 63 пратеници.

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот на данок на промет на производи и услуги.

Поминуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за тутунот со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон , извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

**КИРЕ ДОКУЗОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, сосема накратко дозволете ми да го образложам законот, односно причините за неговото донесување. Прво можеме да констатираме дека 1997 година родот на тутунот изнесуваше над 23 илјади тони, целиот е превземен и платен, во просечна цена од околу 135 денари . Сигурно самите земјоделци знаат колку добиле, дали толку или помалку, меѓутоа, нашите бројки тоа го покажуваат. Дали е тоа заслуга на некои претпријатија, или поединци и слично, мислам дека не треба да се измачуваме , во основа станува збор за коњуктура на тутунот на светскиот пазар, и добро е таа да потрае подолго време. Со ваква коњуктура на тутунот која продолжува и понатаму со задоволство, сите се ориентирани на производство на тутун, планираме годинава дека ќе имаме околу 30 илјади тони тутун. Имаше и има одредени слабости кои што треба со оваа интервенција во законот да ги подобриме за нема нејаснотии. Кои се тие измени што ги предлагаме? Прво, со измените што ги предлагаме се бара да се елиминира монополската положба која што донекаде законот ја овозможуваше , иако не целосно, а тоа да се бришат од законот термините региони и под региони кои министерот имаше право да ги определува. Значи се овозможува на секое претпријатие на територијата на РМ да врши договарање и откуп на тутун на своја територија.

Второ, ваквата реализација имаше потреба да санкционира прашањето да можат земјоделците исто така да бираат еден партнер за договарање во текот на годината, таму каде што тие сами ќе оце-ат, меѓутоа, не со повеќе, туку со еден. Ова да се обезбеди предвидено е во законот со измената да се воведе картно, кој што секој ќе го добие и со него може да избере претпријатие со кое ќе соработува во деловната година.

Со законот се прави исто така измена во членот 16 во кој јасно се прецизираат условите кое е претпријатието кое што ќе врши откуп и кој услови треба да ги исполни. Тоа ја исклучува можноста министерот да може субјективно да одлучува кој е тој што ќе добие дозвола или не. Според тоа таксативно кој ќе ги исполни условите во членот 16 ќе добие лиценца за откуп. Сметаме дека со овие измени и дополнувања ќе се создадат услови во 199 8 година и натаму да имаме појасни услови за стопанисуваше . Заради овие причини предлагаме да го донесете денеска законот кој што сакаме да се применува веднаш по неговото донесуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници,

Денеска пред нас се најде предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за тутун со предлог на закон. На денешната седница навистина имаме една сериозна задача, задача кој што ни претходи од многу порано. Ние пред нас имавме, или пред 12 месеци имавме еден закон кој што закон најверојатно имаше доста празнини за кој празнини уште во тоа време укажувавме пред овој Парламент, меѓутоа, оглушувањето беше токму од овој парламент, така да изостанаа сите предлози кој што требаше да се внесат во тој закон.

Од оваа говорница нема да го обвинам министерот, бидејќи министерот не му кумуваше на донесениот Закон. Токму пред тој закон постоеја уште десетици предлози на закони, предлог закони, нацрт и дури платформи кој што помалку или повеќе ги исполнуваа условите по она што значеше тутун и закон, меѓутоа, никогаш не беа донесени. Сега ја видовме и таа празнина и дојдовме да извршиме една промена.

XI/4

Ако се вратиме на овогодишната реколта ќе видиме една разлика која што не е она што беше од претходните години. Вистински можеби странскиот капитал кој што влезе во нашава земја, направи еден пресврт во кој што и работните организации од една страна, а од друга страна и самите тутунопроизводители не сакаа или не можеа да се снајдат. Тука би рекол работните организации како жед за тутун кој претходно секогаш велеа дека тутунот е скап дека не им треба тутун , овој пат тргнаа да го остварат она што веќе го немавме. Минатата година имав- ме 14 милиони кгр. на тутун. Веднаш се пофаливме дека за оваа година и работните организации, дури и министерството кажаа дека ќе имаме некаде 29 до 30 милиони кг тутун. Јас од оваа говорница јасно кажав дека површините засадени со тутун бројот на страковите и се она што постоеше нема да ја надминеме границата од 22 милиони кгр. Тоа веќе е и запишано. Тоа се покажа и денеска.

Со донесувањето на законот за тутун стана првата трка од оние кои што мислеа дека подобро ќе поминат и тие први бараа од една страна да отпочнат со откуп на тутун. Од друга страна пролонгираа дека тутунот е култура која што не може да се почне со откуп во еден одреден временски период, заради тоа што подлежи на расипување, некаква ферментација, па и не знам што. Ценам дека тоа им беше само изговор, бидејќи во тој временски период, тие не можеа да најдат средства за да го платат тутунот. Во определениот рок оној што го предвидовме да отпочне откупот на тутунот после заверката на мустрите, настана токму трка од оние кои веќе не сакаа да го купуваат тутунот. Таква организација беше во Струмица, тука беше и во Крушево и во Битола и во Радовиш итн. Не е тоа што сум од Прилеп, меѓутоа Прилеп остана на тоа што се договори, бидејќи Прилеп имаше вистинското производство некаде од 6,5 милиони кгр. така да нормално беше од кого да се граба ,освен од оној што има. Верувале или не посебно за Струмица се одлеа тутун од

над 1 милион кг ццената дивееше. Се поставува прашањето дали секогаш, тутунот или тутунопроизводителите ја добија онаа цена која што им беше заслужена. Јас велам дека тутунот е макотрпен, никогаш не може да се наплати , но сепак цената беше реална. Но не го добија тоа тутунопроизводителите. Тука се појавија и дилерите. Ценам дека тутунопроизводителите добија она што го заслужуваа, а дилерите добија многу повеќе. Дали од страна на Министерството, дали од страна на организациите и сите нас успеавме да ги задржиме тие дилери да бидат казнети на некој начин , да бидат казнети организациите по ништо друго ако не по тој закон за тутун. Оттука се прашувам кој грешеше, каде грешеше и зошто грешеше. Грешката беше во организациите. Министерството за земјоделие , водостопанство и шумарство морам во овој дел да го пофалам бидејќи дел од она што беше како пропратен акт на законот за тутун го донесе навреме, и тоа сите почнувајќи од реонирањето на тутунот, откупот на тутунот мерилата за откупот на тутунот, лиценците итн. но организациите од своја страна тоа не го почитуваа. Зошто не го почитуваа За тоа веројатно не ги познаваа мерилата за откуп кој што толку го- дини ги студираа и целата количина на тутун и целиот тутун го откупуваа само во една класа. Чинам дека тука беше и нивната грешка. Добро беше ако беше така , но сепак тутунот се откупува по класи и по мерила за откуп и како резултат на тоа можеше цената по класи да биде одредена така што повторно просечната цена ќе беше онаа која што тутунопроизводителите ја добија на денешниот ден. Сума сумарум, верувам дека сите откупни претпријатија имаат една иста цена, но не и ист квалитет. Денеска сите се плашат само со едно дека откупиле количина на тутун толку колку што им требало, но квалитетот, како резултат на приносите, како резултат на Владата и како резултат на се она што нечини, сега не знаат што да прават. Меѓутоа ќе се покаже и понатаму дали им годи на истите да се однесуваат така како што се однесуваа и оваа година.

Да поминам на она што денеска го имаме тоа се промените што настануваат во законот за измени. Вистина, во текот на едногодишна- та употреба на Законот за тутун во делот на откупот се применуваше за две реколти. Реколтата 1996 и реколтата 1997 година. Иако при- мената на законот помина преку толку краток рок, доволно беше да се согледаат токму овие сите забелешки и да се донесе она што требаше да се донесе. Министерството како прво го имаше самиот предлог а јас имам амандман на она што е предлог, тоа е за воведување на картоните. Ако мене ме прашаат, тоа навистина е една лична карта на самиот производител и тој производител треба да ја има. Овдека велам дека треба да ја има, заради тоа што нема да се случуваат повеќе договори во една или друга организација, иако како што кажа министерот има право секој производител со тој личен картон да склучува договор таму каде што ќе ја избере вистинската организација, организација во која ќе има вистинска доверба. Јас тука имам една забелешка, можеби не е голема забелешка , но ценам дека кога се работи за производители , ние велиме дека во Македонија постојат 250 или 300 илјади производители, но кога се работи за семејства тогаш јас велам дека имаме некаде 80 илјади семејства. Подобро би било бидејќи во едно семејство има повеќе производители, се разбира на возраст од 17 и 15 години, па се натаму кој што можат да бидат носители на договори , за да не дојде до тоа, за да биде правилно авансирањето во тутунопроизводството, за секој да не склучува секаде договори и да не зема аванси итн., добро би било ако едно семејство има еден картон, а тоа склучува и еден договор. По мене тоа е исправно.

Второ, што јас како забелешка на Законот го ставив, ценам дека при Комисијата за земјоделие беше прифатено, тоа беа условите за откуп на тутун од страна на откупните претпријатија и тутунските

здруженија во однос на кадарот. Тука тој член се бришеше. Ценам дека не бевме во право бидејќи постојат земји кои што многу малку или воопшто не се занимаваат со тутунопроизводство , а сепак имаат школи, тутунски школи, кои што и денеска и нашата Македонија ги испраќа на обучување, за да можат да се вратат како добри производители, како добри фабриканти, или така да речам, тутунопоризводители кои што можат да и помогнат на оваа наша држава. Зошто ние сега кога зборуваме при откупот на тутунот, кога имаме реонски инструктори или проценители , кои што имаат соодветна лиценца , да не бидат и тие образувани. Ценам дека не е целта само тие да вршат проценка при откупот на тутунот и да имаат лиценца, но тие имаат и друга улога. Улога која што е многу посложена. Бидејќи рековме дека тутунот е бизарен , тој сака не само да се откупи по тие класи но и треба да се рекласира. Се рекласира по класи кои што треба да бидат извозно ориентирани. За тоа треба да се состават посебни партиви кои што светот ги бара. Кој тоа ќе го направи ако нема стручен кадар. Друг е случајот со здруженијата, тоа се претставници од тутунопроизводители, кои што навистина и тие треба да имаат познавање, но сепак нивната улога е даваше на мислење, а и тие се со таква лиценца. Чинам дека министерот тоа ќе го прифати и ќе нема проблеми во тој однос.

Сума сумарум, сметам дека со овој закон , со овие измени во законот ќе дојдеме до потполнуваше на законот, ќе дојдеме до една поголема цврстина, и токму преку овој закон , не само тоа што ќе му се овозможи на тутунопроизводителот да избира сам со кого, како и колку ќе склучува договор, но тој верувам дека ќе го нема и ова што вчера го имаше, ќе произведува квалитетен тутун, тутун по сор- ти кој што ќе ги бара пазарот, а за тоа не мислам дека цената што ја постигнавме денеска, дека таа ќе биде помала, секако дека оној тутунопроизводител,

XI/8

кој што е добар производител, кој што знае и умее како да произведува, верувам дека ќе добие повеќе од оној што слабо произведува. Она ~што сега беше пропуст , тоа и самите производители го уочија и верувајте дека не го сакаат. Цената како цена успеваше да ја постигне и оној што беше добар производител и оној што беше лош производител. Зошто сега се прашувам добриот производител да не го добие она што треба да го добие, а лошиот производител нека се потруди и тој да биде вистински производител и да го постигне она правото што го заслужува.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ваков каков што е презентиран Предлогот за донесување на законот за измена и дополнување на Законот за тутун со Предлог на закон и содржината што е во него со пропратните дефинирани цели кои се сака да се остварат во оваа сфера и дел од уводното излагање на министерот за земјоделие по повод овој Предлог на закон внесуваат одредена забуна за вистинските намери во врска со предложената содржина на законот. Тоа ќе се обидам да го изнесам и мислам дека очигледно некои работи не се јасни.

Прво, се тргнува од фактичната констатација дека од производната 1997 година, минатата година на тутунопроизводителите во РМ за прв пат после подолг период се остварени финансиски резултати во кои тутунопроизводителите во РМ ретко досега можеа да ги почувствуваат, барем за еден долг период. Цифрите се презентирани и во Предлогот на законот , може да се изведат во образложението, а можат да се изведат и од овде како што ги презентираше министерот и се движат некаде околу, со оглед ќе откупот заврши во месец јануари заклучно со февруари, нешто и во март и директната исплата кај тутунопроизводителите околу 100 милиони германски марки во РМ, што се исплатени дирекно на тутунопроизводителите за примерно производство. Со оглед на тоа што претходи фаза на понатамошна преработка на тутунот во ферментиран тутун, достигање дел од тој ферментиран тутун во домашната фабрикација и дел во трета фаза во иностраната фабрикација на цигари од познатите утврдени ценовни параметри што се движат на извозниот ферментиран тутун во Републиката и на цигарите треба да се очекуваат минимум додатни 100 милиони германски марки на истава оваа реколта преработена сега во ферментиран тутун и извезена како таква, или преработена на домашните фабрикации каде

што една цифра ќе покаже дека тутуновото производство од примарното производство во 1997 година ќе даде финансиски резултати во РМ над 200 милиони германски марки. Тоа е факт и констатација која постои.

Тешко ќе може споредбено да се најде друг производ во РМ не само во земјоделското производство, во било кое друго индустриско производство каде со вложување на толку интензивен труд, со мало капитално вложување може да се остварат такви финансиски резултати. Веројатно ќе треба да следи заклучокот дека тоа се погодностите што претходно се создадени на тлото на РМ, предностите почвени, временски искуствените кај населението и разработениот организиран систем во РМ и разработениот пазар дома и надвор од Република Македонија.

Со оглед дека тие резултати дојдоа и беа опипливи во јануари и февруари месец зачудува фактот што Министерството, предлагачот, со актов кој е пред нас, кој носи дата од јануари 1998 година на ваков брз начин се обидува да изврши корекции во постојниот закон за тутун. Уште незавршен процесот сеуште некаде трае со многу намален интензитет, значи за ова се размислува уште на почетокот, затоа што откупот почна после 1 јануари оваа година, државата реагира, најосновното сомневаше што создава кај мене дилема дека намерите не се токму оние што се изнесуваат.

Втората причина поради која сметам дека намерите не се ток- му тие што сакаат да се постигнат со законот се следните:

Во уводното излагање на министерот беше кажано дека со овој закон треба да се постигнат две крупни цели.

Прво, да се елиминира монополската положба. веројатно се мислеше на субјектите кои вршат производство, преработка, откуп и продажба на суров и ферментиран тутун. Никаде не е спомената

положбата на основните носители на примарното производство, на тутунопроизводителите како цел да се унапреди нивната положба како главни носител Затоа што тие допрва ќе треба да покажат во каква положба се наоѓаат со оглед дека оваа реколта сеуште се откупува, а тие треба да влезат во процес на секундарна преработка на ферментиран тутун во касната пролет, летото до касна есен и продажбата на ферментираниот тутун евентуално да ја извршат на домашниот и странскиот пазар некаде касна есен и почеток на рана зима или дури почетокот на наредната година. Значи ако е таква фактичната состојба не држи позицијата дефинирана од овде дека се сака да се елиминира монополската положба на одредени правни субјекти кои ги има во Републиката одамна дефинирани и се знаат кои се. Во системот Југотутун со посебната истакната монополска положба на "Македонијатабак".

Втората цел коај сакаше министерот да ја образложи овде беше да се подобрат и до крај да се дефинираат условите под кои ќе може одредено правно лице што се занимава претежно соотклуп да може да врши откуп на тутун од примарното производство. Ако се прецизи- раат условите ис е дефинираат и се поставуваат на ригиден начин, ка- ко што се предлага во Предлогот на измените за измените за дополнување на законот значи дека се контрадикторни во однос на положбата на првата цел дека се сака да се постигне антимонополска положба на тие организации. Напротив да се задржи нивната монополска положба, евен- туално да се оневозможи јавуваше на нови субјекти кои ќе ја поспешат конкурентноста на пазарот.

XII/4.-

Ако од друга страна се земе она што е напишано во на Предлогот на законот во основните начела каде што се утврдуваат, законот чие донесување се предлага се засновува врз следните начела: "Правна сигурност на сите субјекти на пазарот и нивна заштита од нелојална конкуренција". Ако ова се преведе на фактичката состојба и од излагањето на г-динот Таланџиоски ќе се видат основните цели со кои се сака да се постигнат со предлагањето на овој закон. Тоа е да се зацементира монополската положба на постојните субјекти кои вршат откуп во РМ визави основните производители на тутуновото производство и тврдам дека доколку се усвојат ваквите решенија дека ќе има дирек- тен одраз на економската положба на тутунопроизводителите во наредната откупна година. Не живеам во илузии дека постигнувањето на цените на пазарот годинава е во голем дел од она што го најави и министерот дека се работи за глад на светскиот пазар, но исто така мислам дека во голема мера се работи и за слободната конкуренција во однос на пристапот на тутунопроизводителите према откупувачите во РМ што ја имаа во оваа година.

Ако понатаму го погледнеме образложението на овој закон веќе стануваат појасни целите и намерите каде што се кажува дека со навлегувањето на странскиот капитал во откупните претпријатија врз основа на кои откупните претпријатија станат на пазарот повеќе платежно способни, значи се признава една фактична положба од приватизацијата на општествениот капитал во претпријатијата кои се занимаваат со откуп и преработка на тутун и она што го донесоа тие како економска можност и понуда на тутунопроизводителите во РМ да можат да го откупуваат тутунот од тутунопроизводителите, започна престиж кој по- веќе ќе откупи тутун, што е и основната цел на конкуренцијата.

XII/5.-

Независно сега продолжува од одредбите на Законот за класи на тутунот за даваше на аванс за почитување на дадениот аванс или за враќање на авансот на претпријатието кое го дало авансот и на веќе склучените договори.

Понатаму тутунопроизводителите наоѓајќи се во поволна состој не сакаат да го плаќаат делот за осигурување на тутунот кој во минати те години обавезно го плаќаат, што во услови на временска непогода (град и слично) повторно ќе почнат да ја префрлуваат одговорноста на друг кога тутунот ќе им го уништи градот на нива. Исто така производителите сами си формираа здружение на тутунопроизводителите току за заштита на нивните интереси. Меѓутоа кога требаше да издвојат процент на здружението од цената што им е платена за тутунот тоа не го направија. Значи дефинирани се мотивите за оние кои го прочитале предлогот на законот што сака да се постигне.

Но, господо пратеници ако се сака овие цели да се постигнат со закон тогаш овој закон влегува во директна спротивност со основни- те пазарни принципи што треба да ги гради оваа држава во однос на и оваа реколта.

Ако прво во ова образложение се споменува елементот дека тутунопроизводителите не ги почитувале договорите за враќање на аван- сот, тоа е договорен однос во кој државата не треба" да навлегува со закони. Ако авансот е во натура и парични средства и затоа постои писмен договор, значи постои согласност на два слободни рамноправни субјекти и ако некој не сака да ги исполни условите дефинирани се инструментите на кој начин тоа прашање се разрешува. Со закон за забрана каде штос е поврзуваат понатаму во Предлогот за измени на законот и висината на казните, тоа не се постигнува. Всушност може да се постигне само на обемот на производство на неповолна положба на

XII/6.-

Тутунопроизводителите и на намалуваше на економските ефекти кои треба да се очекуваат од производството и продажбата на оваа реколта. Понатаму, продолжува дека не се почитуваат и плаќањата во однос на обврските што тутунопроизводителите ги имаат спрема сопствените здруженија, па сакаме со овој закон тоа да го дефинираме. Ве молам ако здруженијата на тутунопроизводителите, како што вели предлагачот сами ги формирале, тие треба да работат во нивни интерес, ако постои фактот дека тие не си ги исполнуваат обврските, се мисли на тутунопроизводителите индивидуални спрема своите здружениа значи се поставува прашањето дека меѓусебните односи помеѓу нивните сопствени здруженија и самите тутунопроизводители некои работи се нарушени. Не ги остваруваат своите цели за кои истите тие тутунопроизводители ги формирале тие здруженија. Сега ние со закон односно со одредбите на крајот од законот каде што ја менуваме висината на казните, каде што им запретуваме со високи казни ќе ги натераме со сила во подредена положба кај одредени тутунски субјекти да они им ја собираат во име на здружението. Ако самите здружители во своите здруженија имаат интерес не само што ќе ги плаќаат обврските спрема потребите на здружението туку и ќе ги преплаќаат, само тоа плаќање и преплаќање треба да биде заслужено и заработено, а не по автоматизам на монополската положба што ја има досегашните субјекти и претпријатија за преработка на тутун, а притоа со нив најчесто се вклучуваа и здруженијата на тутунопроизводителите.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Оттаму моите резерви длабоко према предлогот на овој закон за нејаснотиите за целите што треба да ги постигне овој закон. Јас мислам дека со овој закон нема да се постигнат саканите декларирани цели што овде ги изнесе министерот, дека ќе се постигнат спротивни ефекти, за жал, од тоа.

Оттаму предлагам овој закон да не се поддржи односно евентуално предлагачот да најде нова аргументација ако искрено мисли дека треба да ги постигне целите кои ги дефинира зад овој микрофон. На ваков начин како што е дефинирано напротив мислам дека ќе се постигнат спротивни цели.

И, дозволете, имаме ли ние право како законодавен дом ако како што признаваме во писмениот текст и како што е реалитетот од- реден странски капитал кој е влезен во РМ мислам кој е влезен во Струмица и Битола внесе ваква раздвиженост во монополската положба на поставените параметри што досега владееја. Влегоа под услови кои беа дефинирани во постојниот закон и сега ги доведуваме, ги изменуваме условите со измена и дополна на Законот на штета на нив, го имаме ли ние тоа право? Јас мислам дека го немаме. Напротив може и да предлагаме решенија и да ги носиме кои ќе ја подобрат нив ната положба тука. Зборувам за условите под кои ќе работат и привредуваат, а не да ја усложниме и евентуално да ги доведеме во понеповолна положба во однос на постојниот друг систем кој не е приватизиран во РМ.

Ако одиме понатаму се доведуваат во прашање и принципите на приватизација на општествениот капитал во тутунската индустрија. И, самите цели на приватизација се поставуваат под знак на прашање доколку на ваков, рестриктивен начин се обидуваме инцидентно од слу-

чај до случај да навлегуваме во одредени системски закони кои регулираат одредени области и д го стеснуваме просторот за пазарно однесување во РМ. Јас не верувам дека предлагачот сака да ни подметне така условно кажано, простете на изразот, "кукавичко јајце" дека намерите му се едни, а целта овде пред нас ја прикажува друга, туку мислам дека набрзина несреќно орочените предлог решенија треба да се преиспитаат дека повеќе од невнимание отколку од намера.

Затоа предлагам предлагачот уште еднаш да го преиспита својот став, евентуално, а доколку остави на своите ставови без соодветна аргументација овој предлог на закон пратениците да му го поддржат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Вељо Тантаров .

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека колегата Наќе Стојановски пошто како пратеник доаѓа од едно подрачје каде што тутунот значи живот за педесетина села, за сите селски домаќинства, и јасно ги кажа негативностите што ќе настанат со донесувањето на измените на Законот за тутун.

Ние, како што е познато пред една година донесовме Закон за тутун. Овој закон ќе зборувам во името на тутунарите беше добар закон. Со него јасно се кажа како треба да се работи и какви односи треба да се градат во примарното производство на тутун почнувајќи до расад па до откуп и исплата на самиот тутун. Годинава благодарение на тој закон што го донесовме минатата година се отвори превезот како нашите тутунски претпријатија работеа и какви односи градеа спрема своите кооперанти. Како пред 10 години на некој начин ги експлоатираа и си

играа со нив. Ние годинава за првпат имаме една слобода во производството на тутунот. За првпат откако се сади тутунот за тоа зборуваше Талимџиоски овие тутунски претпријатија најдоа сили тутунот да го откупуваат без употреба на тие дополнителни или таканаречени прави 16 класи. Се се откупуваше во една класа. И денес во овие тутунски претпријатија кога се сумираат резултатите од самиот откуп насекаде може да се слушне дека слабо поминале со откупот, дека тутунарите им подметнале многу неправилности при самиот откуп, се споменува камења, песок, се спомнуваат туби со вода и што не. Меѓутоа, тие тутунски претпријатија тутунот го откупуваат со свои стручњаци. Сигурно знаеја дека во тутунот има и песок има и влага и за време на откупот никој троа не го имаше во предвид. А, дури сега излегува во јавноста една вистина дека тутунските претпријатија заради ваквиот хаос што е направен, наводно благодарение на Законот за тутун ќе претрпат големи загуби. Јас мислам дека стариот закон односно законот што го донесовме пред една година не треба да се менува, тој е добар закон и сигурно и во текот на оваа година ќе покаже дека примарното производство на тутун ќе ги оствари сите оние права што му се нудат во неговото производство.

Инаку, лично мислам дека моите забелешки кон овој закон се однесуваат на првите два члена. Односно член 10-а или член 1 и на член 2.

Во член 1 како што е познато со измените на овој закон сега нашиве тутунари наместо да се подготвуваат за организирање на новото производство на тутун ги тераме да одат во подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да чекаат во редици и да им кажат на господата од тоа министерство дека сакаат да садат тутун и да добијат оттаму соодветна картица со која што ќе можат да склучат договор за производство на тутун.

XIII/4 . -

Понатаму, вториот ден тие исти тутунари според овие измени се ДОЈШМШ да висат со денови пред катастарските управи за да добијат имотен лист со кого на подрачната единица ќе и кажат дека планира да посади тутун на таа и таа катастарска парцела.

Сметам дека ова е непотребно измачување на тутунарите и овој член треба да се брише со постојниве измени.

Второ, во член 2 се бара, во член 15 од постојниот закон за тутун да се бришат зборовите "откуп и производство на тутун во повеќе реони и региони". Овие зборови како амандман беа поднесени од мене, по барање на тутунарите од Битола и поранешниот министер ги прифати. Сега, со измените на законот со овој член нашите претпријатија не ќе можат да склучуваат договори на откуп и производство на тутун во повеќе реони и региони.

Јас не знам што ќе смета во законот ако во член 15 остане она што е зацртано во него во повеќе реони и региони. Дали овие два збора сега вршат некое обременување на законот и ние мора да ги симнеме или пак некој од страна, да речеме сега светската банка или ММФ ни кажува ова не треба да постои во Законот.

Јас се залагам законот за тутун што го донесовме пред една година да остане во сила и ние како држава да не водиме сега некоја посебна грижа за тие примарни производители на тутун, како тие ќе мораат да го собираат тутунот, ако не го осигурат ќе падне град, па ќе го уништи и ќе останат без производство. Ќе мораат да плаќаат чланарина на тутунските здруженија, ќе мора да плаќаат чланарина за лично осигурување, ќе мора да плаќаат црвен крст и какви не други давачки што се измислени во рамките на тие приговори за примарното производство на тутун.

XIII/5.-

Господа, јас мислам дека на примарното производство на тутун да му дадеме уште поголема слобода кој земјоделец каде сака таму да склучува договори. Каде сака таму да го продава тутунот, да не се плашиме од нелојална конкуренција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Јас се извинувам, што се јавувам повторно да интервенирам за некои укажувања кои што очигледно ниту законот го прочитале, ќе опростат, и зборуваме само колку да кажеме дека мислиме за некого опростете меѓутоа не можам поинаку да кажам.

Законот беше предложен во јануари месец и за тоа стававте забелешки. Се брзаме, земјоделието се разликува по тоа не за тоа колку ќе зборуваме за него туку биолошки е врзан секој датум кој што бара расадување, садење, сеење и да ги познаваат условите за производство сакаат нашите земјоделци. Оттогаш јас интервенирав да се донесе закон за следново: морам јасно да кажам зошто. Со законот што е во сила има обврска министерот на крајот на претходната година да соопшти бројка како лимит за производство на тутун за наредната година. Тоа го направив во декември и за годинава е пред- видено тутунот да се произведе на 30.370 тони. Тоа е една граница во која што треба да се движи нашето производство.

Второ, ќе кажам најгрубо , не станува збор за зелка, господа за која нема закон. Станува збор за тутун за кој што вие говоревте колку милиони марки или долари влегуваат во оваа држава. Ако е така треба да го штитиме и со закон да ја регулираме работата. Не да го препуштиме ан стихијата на слободата, но кога нема да чини ќе бараме оставка од министерот и Владата. Не. Мора јасно да кажеме за што сме зборувам сега како пратеници, извинете, пак ќе ви кажам, а за овој закон се консултирани стопанството и земјоделците. Како успеав тоа е моја работа. Дали вие сега зборувате во нивно име јас не знам. Не зборувам за сите. Јас имав можност да дојдам во состојбите кои што се во праксата.

XIII/6.-

Прво, што се предлага. Ништо страшно, ништо опасно. Досега, во претходниот закон беше предвидено министерот ги определува регионите и подрегионите и претпријатијата кои ќе вршат откуп. Практично Струмица-табак дојде, нов министер бев, не почнува со мене векот, побара да откупува тутун и во Битола и во Куманово. Да направам компромис му дадовме решение Струмица, Радовиш итн. но и на други исто. Значи едно ограничување на регионите и подрегионите.

Со измената на овој закон што ја правиме бришеме региони и подрегиони и секое претпријатие без оглед од каде е кај сака може да откупува тутун, да склучи договори, ако ги исполни условите пропишани во законот и, не треба да доаѓа кај министерот да моли, да фаќа врски и да добие дозвола. Штом ги исполнува условите по автоматизам влегува. И ова не е правна несигурност за странките, туку на- против допрецизирање, либерализирање на субјектите кои што сакаат да вложуваат. Не само за старите туку и за нови кои што сакаат да доаѓаат.

Зборот правна сигурност , напротив овде сакаме да ставиме правна сигурност, еве, ќе кажам за зелката, за зелката нема закон.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво би кажал нешто околу коментарите, зошто брзавме. Ми поставуваа мене прашање, а јас ќе им поставам прашања на тие што го критикуваат овој концепт. Дали ќе дојдат сега во Мажучиште- Прилепско, дилерите што ги крстивте така, од Струмица или од Радовиш да купуваат тутун, односно за договараат сега тутун. Земјоделците не знаат на кого треба да го предадат тутунот. Го предале и земале пари. Бидејќи сега треба да примаат аванс, а во Законот се вели 20% мора да земат аванс однапред за да потпишат договор. Се поставува прашањето, кој ќе дојде сега во селото да направи договор за да земат аванс. Може да не дојде никој. И тој истиот што купил минатата година тутун ќе чека да види дали ќе биде коњуктура во светскиот пазар или не, а ајс кажав за коњуктурата не знае министерот Доку- зовски. Прашање е дали ќе биде коњуктурата таква зборувам за 1998 и за 1999 година, прашање ќе биде. Значи прашањето е дали земјоделецот сега ќе чека да дојде некој од некаде, а сме предвиделе законска обврска да мора да се добие аванс. Овој концепт бара таква сигурност да мода да подје да одговори, но пак да биде правно сигурен и тој што ќе оди, но и земјоделецот да договори со тој што сам ќе го избере, не монополот. Но, никако со секого. Тоа е лага. И со лагата дека ќе се спасуваме со давање песок, со влага во тутунот, да одиме во Европа, никогаш. Една година ќе излажеме некого. Друг пат нема. Ние мора да внимаваме на нашите норми. Светот кога купува, не купва така. Тие го бираат производот. Да не се радуваме ако пропадне некој монопол, догодина тој пак ќе се створи, како што се радувавме на некои фабрики за конзерви што пропаднаа. Без нив гледате дека не можеме да се радуваме.

XIV/2. –

Второ, за правната сигурност, дали е или не е.

Земјоделецот сега е во прашање дали ќе склучи договор со еден кој ќе му понуди, ќе му рече ќе ти го прифатам тутунот, нема да ти задржам пари за здружението, нема да го осигуруваме тутунот. Може и така. Не е тоа ограничување никакво. Меѓутоа, дали ќе го сведеме тутунот ние на природата, на Господ. Треба да имаме некој фонд за ризик кој што се создаваат самите по овој основ, за да внесеме гаранција дека навистина тој што продава тутун ќе земе нешто, а не да му го собере градот. Тие што настапуваат на есен ќе чекаат, ако падне град, ризикот е на земјоделецот. Вака обезбедуваме ризикот да го делат двајцата. Но кажав, ако некој од претпријатијата му понуди на земјоделецот и без осигурање и тоа ќе биде.

Трето, концептот поаѓа од тоа дека здруженијата во овој објект, обавезен облик е здружението по овој Закон, специјално е кажано што е здружението и која функција ја има. Здружението овде има активна улога преку своите членови. Тој е е една од главните членови во Комисијата, заедно со проценителите. Дури овде има и предлагам амандман, ако се врши откуп на тутунот во Пунктот без претставник од здружението,да му се одземе правото на купувачот да врши откуп, или да му се поднесе пријава. Според тоа дали ние ќе ги сведеме овие здруженија на тие што се аматери, а доаѓаат да откупуваат тутун цел ден, а да нема од никаде пари, кој да ги плати. Ова не е мислење на никој друг, туку на самите тутунопроизводители на здружението. Од тие причини сметаме дека во правна сигурност за да функционира и ова да живее до крај така како што мислиме.

Јас не мислам повеќе да го образложувам Законот. Мислам дека не станува збор за крупни промени како што се кажа. Станува збор за многу едноставни и лесни промени. Јас само ќе ги повторам. Тоа се: потполна слобода на претпријатијата да откупуваат тутун на цела територија. Зборот „поедини региони„ се брише, да не важи повеќе како ограничувачки фактор.

Второ, земјоделците сами ќе бираат, пак ќе повторам со едне картој кој што е веќе готов да го поделиме, кој што не е никаков изум и ниту јас го измислив. Тоа е она што претставува договор со претпријатијата кој што досега го имаат од евиденцијата што постои.

Ќе кажам после кога ќе бидат амандманите дека ние не се залагаме да шетаат луѓето по шалтерите. Напротив овој концепт е да нема шетање по шалтери.

Сите земјоделци тоа го занаат и мислам дека ќе го поддржат бидејќи е во нивни интерес.

Ќе завршам со тоа, молам да биде вака сфатен Законот, никако промени кои што значат комплицирање на работите. Напротив земјоделците од ова ќе добијат односно објаснуваме една правна сигурност кај сите субјекти во Државата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Камо среќа да биде така како што кажа министерот. Меѓутоа, постои голема дилема кај нас бидејќи во своето излагање г-динот Наќе Стојанвоски беше многу поубедлив, правејќи анализа на предлог законот за изменување и дополнуваше на Законот за тутунот, со Предлог на закон.

XIV/4. –

Јас мислам дека забелешките на г-динот Стоајиовски беа многу практични бидејќи ние знаеме во практиката како можат да стојат сите работи во врска со решавањето на оваа проблематика.

Ми изгледа мене како министерот целиот проблем да го гледа од канцелариски аспект, што е најлошо.

Јас мислам дека досегашниот закон ако ги исполнува сите услови поготово за тутунопроизводителите, тогаш се понудил друг закон измена на Законот, исто така со многу промени на некои членови кои се многу по либерални од претходниот закон.

Ако станува збор за некоја либерализација на закон, или за некоја либерализација на политиката меѓу производителите на тутунот и претпријатијата што го откупуваат тутунот, тогаш ние го имавме претходниот закон. Јас исто така по членот 2, каде што министерот кажа дека со овој член може секој производител да склучи договор со било кое претпријатие. Меѓутоа во членот 2 на крајот на ставот 1 по зборот "тутун" се стави точка. Значи, се брише целата реченица. Меѓутоа министерот го образложил дека не е така како што ние го разбираме. Сега дали на Законот да му веруваме или на искажаните зборови на министерот. Луѓе кои се по експерти за оваа работа, што јас мислам оваа работа е на правниците ставаат многу забелешки и мислам дека имаат право.

Што се однесува до тоа дека постоеше некоја стихија за организирање на ова производството до страна на државата, мислам дека досега немаше таква стихија и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство не треба да изразува некоја дилема дека ќе дојде до некоја стихија и до некоја не контрола во врска со производството на тутунот. Ние знаеме каков треба да биде режимот. Меѓутоа тој режим во врска со ова производство се респектирал до сега. Меѓутоа со Законот

XIV/5. –

ние треба да даваме можност, Законот да биде по либерален кон производителите на тутунот. Тоа е нашата цел.

Исто така, јас ги гледам и казнените одредби кои ,воопшто не кореспондираат со претходниот закон. Таму каде што пишува, со три плати се казнува, до пет плати. Исто така постои законска доредба со новиот Закон и тоа е од пола плата до три плати. Истата казна сега преведена во парична маса е од три до пет плати ид половина плата до три плати, што не е логично.

Мој впечаток е дека овој закон е порестриктивен од претходниот барем тој е мој впечаток. Меѓутоа министерот може сосема аргументирано да каже дека во оваа област Законот е ваков и ваков, а во оваа област гласи така.

Што се однесува до тоа кој ќе сноси одговорност за осигурување на тутунот, мислам дека и тој проблем ќе се реши доколку откупувачот на тутунот земе за обврска да го склучи договорот и преку договорот тој проблем мора да се реши. Инаку тука јас не гледам ништо ако имаше нешто во минатата година, ако се констатирало дека од страна на Министерството не функционирал законот така како што треба, помеѓу производителите и претпријатијата што откупуваат тутун, тогаш треба да се каже со примери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

XIV/6. –

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само за некој наводи што предлагачот ги кажа овде.

Прво, јас најискрено да ви кажам, сакам да верувам дека намерите се чесни како што ги искажавте овде, но морам да ви кажам дека не можам да се одвојам од впечатокот дека навистина не е искренс кажано. Ако вие прв пат сега ги спомнувате производителите, а ниту во уводното излагање, ниту во текстот овде во образложението дека сакате да ги постигнете тие цели, тие да добијат правна сигурност, што јас не можам да го видам изворно тоа од решенијата што се нудат во предлогот за изменување и дополнување.

Втора работа е, што прв пат ја слушнав од вас, дека вие сте ги консилгирале и производителите. Треба да го докажете тоа егзатно пред нас пратениците. Како ги консултиравте, ги анкетиравте? Треба да ни ја покажете таа анкета воде за да можеме ние совесно и чесно да одлучиме. Од решенијата не се гледа тоа.

Г-дине минситре, знаете, ние имаме договорено средба долу на теренот. Повелете кога се расправа и по Законот, па ќе го видите вистинското расположение кај производителите. Не кај претпријатијата не кај здруженијата на производителите на тутун во однос на нивната реколта и ќе имаме можност тоа да го слушнеме. А дали зборуваме ние во нивно име или во нечие друго, мислам дека е декласирано да се прозиваме овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот

Предлагам овде да прекинеме со работа. Продолжуваме во среде на 18.03.1998 година во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 11,45 часот)